1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф[ЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 24
БЕЛГРАД
БРОЈ 63 ГОД. XXXIV

...претплатата за 1978 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671: Телекс 11756

**940.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ И ПРЕНОСНИ ОБЈЕКТИ И ДИСПЕЧЕРСКИ ЦЕНТРИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО

1. Во согласност со Спогодбата за увозот на специфичната опрема, репродукциони материјали и делови за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти и диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство што е склучена помеѓу Заедницата на југословенското електростопанство и Југословенското деловно здружение на машиноградбата и електромашиноградбата врз основа на Одлуката за утврдување на пониска царинска стапка и такса на увезените стоки и за условите под кои пониската царинска стапка и увозна такса се применуваат на увозот на производи — специфична опрема, репродукциони материјали и делови за вградување, што се користат за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти во електростопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/73 и 32/75), на увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти, како и диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство, а до вредностите односно количествата утврдени во усогласените спецификации на опремата, репродукционите материјали и деловите, што како прилози 2.1, 2.2, 2.3, 3.1, 3.2, 4.1 до 4.15, 5.1 до 5.19 и додатниот прилог 6 сочинуваат составен дел на Спогодбата, што е извршен во 1973 1974 и 1975 година, царината се пресметува и се наплатува по стапка од 5%. На увозот на тие производи што ќе се изврши во 1976 година царината ќе се пресмета на стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.18/1 | Други безрабни цевки<br>Ex.<br>— Нелегирани безрабни цевки, приготвени за вградување во електроенергетски објекти<br>— Безрабни цевки обложени со гума, приготвени за вградување во електроенергетски објекти |
| 73.18/2 | Други цевки<br>Ex.<br>— Цевки од рабни цевки, приготвени за вградување во електроенергетски објекти<br>— Канали за димни гасови, воздух, јаглен и јагленов прав, од челичен лим, приготвени за вградување во електроенергетски објекти |
| 73.19 | Високоотпорни цевки за хидроелектрични инсталации од челик, зајакнати или незајакнати |
| 73.20/1, 2, и 3 | Прибор за цевки од железо или челик (спојници, колена, составка, маншони, фланши итн.)<br>Ex.<br>— Прибор за: нелегирани безрабни цевоводи цевоводи од рабни цевки и високоотпорни цевоводи за хидроелектрични инсталации од тар. бр. 73.18/2д, 73.18/3б и 73.19, што се опфатени со точка 1 од ова решение<br>— Прибор за нисколегирани безрабни цевоводи од тар. број 73.18/2д, што се опфатени со точка 2 од ова решение |
| 73.21/1 | Конструкции за високоградби во индустријата (покриви, хали, столбови, и ст.)<br>Ex.<br>Конструкции за машини, апарати и уреди во електроенергетски објекти |
| 73.21/1в | Конструкции за уреди за вентилација, климатизација, воздушно греење, сушење, влажење и ладење<br>Ex.<br>Челични лимени конструкции за вентилација на котли — за свеж воздух и димни канали |
| 73.21/3 и 4 | Други конструкции<br>Ex.<br>Конструкции носечки за електроопрема и столбови за далноводи |
| 73.21/3 | Лимови, ленти, прачки, профили, цевки и др. од железо или од челик, приготвени така што да се гледа нивната намена за конструкции<br>Ex.<br>Лимови, ленти, прачки, профили, цевки и др. за конструкции, од тар бр. 73.21/1 и 73.21/2 што се опфатени со точка 1 на ова решение |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 73.22/1а | Цистерни, резервоари и сл. со внатрешна облога или топлотна изолација<br>Ex.<br>Резервоари за течности, пара или гасови со зафатнина над 300 литри за вградување во електроенергетски објекти |
| 73.37/1а | Котли<br>Ex.<br>Помошни парни котли од низок притисок за задвижување или одржување на готовноста на термоелектрани |
| 73.37/3 | Калорифери<br>Ex.<br>Калорифери за парни котли |
| 73.37/3 | Други котли и др.<br>Ex.<br>Дистрибутери на воздух за вентилација на котли |
| 73.40/4 | Други обработени изработки, од железо или челик<br>Ex.<br>— Резервоари за течности, пара или гасови, зафатнина до 300 литри, за вградување во електроенергетски објекти<br>— Челични садови за радиоактивен отпад, зафатнина до 300 литри |
| 84.01/1 | Котли за производство на водена и друга пара<br>Ex.<br>Котли за производство на водена пара за термоелектрани<br>— Котли од среден и висок притисок за добивање водена пара со отпадна топлина од гасни турбини |
| 84.02/1 | Економајзери<br>Ex.<br>Економизери (загревачи на вода) за котли за производство на водена пара, за термоелектрани |
| 84.02/1 | Предгрејачи<br>Ex.<br>Предгрејачи и меѓупредгрејачи на пара за котли за производство на водена пара за термоелектрани |
| 84.02/1 | Кондензатори за парни машини<br>Ex.<br>Кондензатори за парни турбини за термоелектрани |
| 84.02/1 | Други помошни уреди за парни котли<br>Ex.<br>— Предгрејачи и загревачи на воздух за котли за производство на водена пара за термоелектрани<br>— Собирачи на пара за котли за производство на водена пара за термоелектрани<br>— Системи за цевки (испарувачи) за котли за производство на водена пара за термоелектрани за загревање и испарување на вода и истовремена заштита на огноотпорниот засид на котелот<br>— Уреди за отстранување саѓи во котли за производство на водена пара за термоелектрани<br>— Котелски тапани (барабани) за разделување на пара од вода и за следење на водостојот на котелот<br>— Рекуператори — генератори на гас за котли за производство на водена пара за термоелектрани<br>— Уреди за симнување тиња — гребачи на згура за котли за производство на водена пара за термоелектрани<br>— Уреди за издвојување O и CO од напојна вода — деаратори |
| 84.03/1 | Генератори за производство на генераторски гас<br>Ex.<br>Генератори за производство на гас за гасни турбини за гасни електрани |
| 84.03/2 и 4 | Други генератори<br>Ex.<br>Гасни генератори за добивање на водород за вадење генератори во термоелектрани |
| 84.05/1б | Турбински парни машини за термоелектрани и топлани<br>Ex.<br>Парни турбини за термоелектрани |
| 84.07/1 | Водни турбини и други водни моторни машини<br>Ex.<br>— Водни турбини за хидроелектрани<br>— Водни турбини — пумпи, за реверзибилни енергетски постројки (хидроелектрани) |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи за електроенергетски објекти |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифугални пумпи за електроенергетски објекти |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони пумпи за електромагнетски објекти |
| 84.10/5 | Млазни пумпи<br>Ex.<br>Млазни пумпи за електроенергетски објекти |
| 84.11/1а-1 | Воздушни пумпи<br>Ex.<br>Воздушни пумпи за електроенергетски објекти |
| 84.11/1а-2 | Вакуум-пумпи<br>Ex.<br>Вакуум-пумпи за создавање вакуум во турбински кондензатор |
| 84.11/1б | Компресори<br>Ex.<br>Компресори за електроенергетски објекти |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.11/4 | Вентилатори<br>Ех.<br>— Вентилатори за уфрлување свеж воздух во огништа на котли за производство на водена пара во термоелектрани<br>— Вентилатори за извлекување димни гасови од котли за производство на водена пара во термоелектрани |
| 84 12/1 и 2 | Автоматски уреди за климатизација<br>Ех.<br>Автоматски уреди за климатизација на командни простории во електроенергетски објекти:<br>1) до 300 $m^3$<br>2) над 300 $m^3$ |
| 84.13/1 | Горилници за ложишта на котли со течно гориво<br>Ех.<br>— Автоматски горилници за течни горива за парни котли во термоелектрани<br>— Горилници за јагленов прав за парни котли во термоелектрани<br>— Горилници за гасовити горива за парни котли во термоелектрани<br>— Комбинирани горилници за парни котли во термоелектрани |
| 84.13/2 | Механички уреди за отстранување на пепел, маши за парни котли за нафта или гас<br>Ех.<br>Уреди за отстранување на пепел од котли за производство на водена пара во термоелектрани |
| 84.13/3 | Друго<br>Ех.<br>— Механички решетки за догорување јаглен во парни котли<br>— Уреди за потпалување и горење на парни котли во термоелектрани со гас, мазут и јагленов прав |
| 84.17/2д | Автоматски машини за дестилација и евапоризација<br>Ех.<br>Уреди — евапоратори за издвојување бор и концентрат на радиоактивни остатоци со испарување |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ех.<br>Уреди за кондензација на водена пара и за разладување на вода, заради добивање мостри на вода за испитување |
| 84.17/2к | Други машини, уреди и сл. за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ех.<br>— Топлотни изменувачи — загревачи на пара и вода<br>— Топлотни изменувачи — разладувачи на пара, вода и масло<br>— Уреди за проточно загревање на мазут во термоелектрани<br>— Уреди за согорување на водород со кондензатори (рекомбинери за водород) |
| 84.18/2 | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ех.<br>— Електростатички филтери за издвојување на пепел од димни гасови во термоелектрани<br>— Уреди за хемиско пречистување (декарбонизација, деминерализација, неутрализација и смекнување) на вода во термоелектрани<br>— Филтери за пречистување на течни горива во термоелектрани.<br>— Стабилни уреди за отпрашување — издвојување на јагленов прав и пепел од воздух во термоелектрани<br>— Уреди за механичко пречистување на вода во електрани |
| 84.21/2 | Механички апарати за гасење пожар<br>Ех.<br>— Топови за гасење пожар во електроенергетски објекти<br>— Уреди на генератори и трансформатори |
| 84.22/1 | Макари за дигање помали агрегати во електрани |
| 84.22/2 | Кранови<br>Ех.<br>Кранови за електроенергетски објекти:<br>1) до 500 тона носивост<br>2) над 500 тона носивост |
| 84.22/2 | Дигалки, самостојни, подвижни<br>Ех.<br>Дигалки, самостојни, подвижни за електроенергетски објекти |
| 84.22/4а-1 | Товарни лифтови<br>Ех.<br>Товарни лифтови во електроенергетски објекти |
| 84.22/6б | Транспортери со гумена или челична лента врз база на движење на лентата, со сопствен погон<br>Ех.<br>Транспортери со гумена или челична лента врз база на движење на лентата со сопствен погон за електроенергетски објекти |
| 84.22/6в и ѕ | Челични членести транспортери<br>Ех.<br>— Членести — плочести транспортери за додавање јаглен од бункери во мелници во термоелектрани<br>— Уреди за истоварување вагони со наведнување или вртење на камплетен вагон |
| 84.53/3а и б | Машини за обработка (табелирки, сметачи и сл.)<br>Ех.<br>Процесни сметачи |
| 84.56/2 и 4 | Други машини за сортирање, просевање, сепарација, перење, кршење и сл.<br>Ех.<br>Мелници за мелење јаглен за парни котли во термоелектрани |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>Хидромеханичка опрема без цевоводи<br>— Уреди за механичко чистење цевки во турбински кондензатори на термоелектрани<br>— Уреди за ладење генератори со водород со уреди за хемиска контрола и пречистување на водород и со мерно-регулациони инструменти<br>— Централни системи за подмачкување на турбоагрегати<br>— Хидраулични преси за пресување радиоактивни отпадоци<br>— Уреди за обработка, залевање во цемент на радиоактивни отпадоци, заради нивно складирање |
| 84.61/1 и 2 | Славини, вентили и слични уреди, цевоводи, котли и др.<br>Ex.<br>Славини, вентили и др., за електроенергетски објекти:<br>1) автоматски<br>2) други |
| 84.63/4 | Други трансмисиони оски, лактовидни лостови, куќишта за лагери и др.<br>Ex.<br>Хидраулични квачила за машини и уреди за електроенергетски објекти |
| 84.64 | Затворачи и слични спојници од метални листови и др.<br>Ex.<br>Затворачи и слично од метални листови и др. за машини и уреди за електроенергетски објекти |
| 84.65/2 | Други делови<br>Ex.<br>Придушувачи на звук за термоелектрани |
| 85.01/1, 2 и 3 | Други генератори и мотори<br>Ex.<br>Други генератори и мотори за електроенергетски објекти |
| 85.01/5 и 9 | Претворачи — конвертори<br>Ex.<br>Претворачи — конвертори за електроенергетски објекти |
| 85.01/7 и 8 | Мерни трансформатори<br>Ex.<br>Мерни трансформатори за електроенергетски објекти |
| 85.01/7 и 8 | Други трансформатори<br>Ex.<br>Трансформатори на сила за електроенергетски објекти |
| 85.01/9 | Исправачи и исправачки апарати<br>Ex.<br>Исправачи и исправачки апарати за технолошки потреби на електроенергетски објекти |
| 85.01/10 | Други електрични генератори, мотори и др.<br>Ex.<br>— Реактивни компензациони придушници |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Високофреквентни придушници за високофреквентни врски над водови од висок напон |
| 85.04/1а | Други оловни акумулатори<br>Ex.<br>Оловни акумулатори за технолошки потреби во електроенергетски објекти |
| 85.13/1а | Телефонски централи<br>Ex.<br>— Специјални високофреквентни телефонски уреди за врски преку водови од висок напон<br>— Специјални автоматски телефонски централи за поврзување единици во електроенергетски систем<br>— Панелни влошки и меморијски блокови за телефонски централи |
| 85.13/1б | Високофреквентни телефонски уреди |
| 85.13/1е | Телефонски уреди за УКБ до 1000 врски<br>Ex.<br>Насочени УКБ радиорелејни врски за опсези 7 и 15 GHz |
| 85.13/1е | Други електрични апарати за жична телефонија и телеграфија<br>Ex.<br>Нискофреквентни апарати за телекомуникации преку преносен фреквентен систем, освен интерфони и интерфонски централи |
| 85.14/1г | Потсилувачи — нискофреквентни<br>Ex.<br>Нискофреквентни потсилувачи за автоматска регулација на работата на котли и турбо-агрегати |
| 85.15/1 | Радиотелефонски приемници и предаватели<br>Ex.<br>Стабилни и мобилни радиотелефонски приемници и предаватели со фреквенции до 1000 MHz |
| 85.15/1 | Апарати и уреди за пренос на слика и факсимили |
| 85.17/1 | Електрични апарати за звучна сигнализација<br>Ex.<br>Електрични апарати за звучна сигнализација за електроенергетски објекти |
| 85.17/2 | Електрични апарати за визуелна сигнализација<br>Ex.<br>Електрични апарати за визуелна сигнализација за електроенергетски објекти |
| 85.17/3 | Електрични апарати за комбинирана звучновизуелна сигнализација<br>Ex.<br>Електрични апарати за комбинирана звучновизуелна сигнализација за електроенергетски објекти |
| 85.18/1 | Електрични кондензатори константни (постојани) |
| 85.19/1 | Автоматски регулатори на напон и струја<br>Ex.<br>Автоматски регулатори на напон и струја за технолошки потреби во електроенергетски објекти |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 85.19/1 | Расклопни апарати, од низок и висок напон |
| 85.19/1 | Разводни уреди со вградени апарати (командни, разводни и сигнални табли, пултови и сл.) |
| 85.19/1 | Заштитни уреди за потројки од низок и висок напон (осигурувачи, одводници на пренапон, релеи, прекинувачи и др.) |
| 85.19/1 | Регулатори на брзина, обрти и други<br>Ex.<br>Регулатори на фреквенција и сила |
| 85.19/1 | Сервомеханизми, селсими и слични уреди, вклучувајќи и електронски уреди за слични намени |
| 85.19/1 | Индустриски отпорници за вградување<br>Ex.<br>Индустриски отпорници за вградување за технолошки потреби во електроенергетски објекти |
| 85.23/1 и 3 | Кабелски гарнитури<br>Ex.<br>Кабелски гарнитури за електроенергетски објекти |
| 85.23/1 | Кабли за пренос на сила<br>Ex.<br>Кабли за пренос на сила за електроенергетски објекти |
| 85.23/2 | Кабли за телекомуникации<br>Ex.<br>Кабли за телекомуникација за електроенергетски објекти |
| 85.23/2г | Коаксијални кабли<br>Ex.<br>Коаксијални кабли за електроенергетски објекти |
| 85.23/1 и 3 | Изолирани спроводници<br>Ex.<br>Изолирани спроводници за електроенергетски објекти |
| 85.25/1 | Изолатори од стакло<br>Ex.<br>Изолатори од стакло за електроенергетски објекти |
| 85.25/2 | Изолатори од керамички материјали<br>Ex.<br>Изолатори од порцелан за електроенергетски објекти |
| 85.25/3 | Други изолатлори од кој и да било материјал<br>Ex.<br>Спојни и закачувачки материјали за далекуводи од 110 кV и повеќе |
| 85.26/2 | Изолациони фитинзи од керамички материјал<br>Изолациони фитинзи од керамички материјал за трансформатори |
| 86.03/3 | Дизел-механички локомотиви<br>Ex.<br>Дизел-механички локомотиви со далечинско управување (без човечки екипаж) специјално пригодени за забавено возење при истоварот на вагони |
| 90.23/2 | Хидрометри и слични инструменти<br>Ex.<br>Хидрометри и слични инструменти за технолошки потреби во електроенергетски објекти |
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на протек, длабочина, притисок и др.<br>Ex.<br>Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на протек, длабочина, притисок и др. за електроенергетски објекти |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи<br>Ex.<br>Инструменти за испитување на физички и хемиски особини на вода во електрани |
| 90.26/1 | Струјомери<br>Ex.<br>Струјомери за директно и далечинско мерење на високонапонска електрична енергија преку мерни трансформатори |
| 90.27/2 | Бројачи на производство, на обрти и слични, со регулација<br>Ex.<br>Бројачи на производство, на обрти и слични, со регулација за машини, апарати и уреди за електроенергетски објекти |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација |
| 91.04/2 | Други часовници<br>Ex.<br>Автоматски часовници за истовремено точно покажување на времето за технолошки потреби во електроенергетски објекти |
| 92.11/4в | Магнетофони<br>Ex.<br>Магнетофони со 6 и повеќе канали |

2. Независно од условите предвидени за намалување на царината предвидени во точка 1 на ова решение, на увозот на производи од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти и диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство, а кои производи не се опфатени со спогодбата од точка 1 на ова решение, царината ќе се пресмета и наплати на начинот определен во точка 1 од ова решение.

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.18/1 | Безрабни цевки<br>Ех.<br>— Цевки од нерѓосувачки челик, приготвени за вградување во електроенергетски објекти<br>— Нисколегирани цевки, приготвени за вградување во електроенергетски објекти<br>— Високолегирани цевки приготвени за вградување во електроенергетски објекти |
| 73.20/1 и 2 | Прибор за цевки, од железо или челик (спојници, колена, составки, маншони, фланши итн.)<br>Ех.<br>— Колена обложени со базалт<br>— Прибор за: цевоводи од нерѓосувачки челик и цевоводи од високо легиран челик од тар. бр. 73.18/2в и 73.18/2г што се опфатени со точка 2 на ова решение |
| 84.08/2, 3 и 4 | Гасни турбини, освен за авиони |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ех.<br>— Центрифугални пумпи со капацитет од 90 t/h вода и повеќе, за напојување котли за производство на водена пара капацитет 180 t/h и повеќе<br>— Центрифугални пумпи за транспорт на згура и пепел, капацитет 600 $m^3/h$ и повеќе |
| 84.10/5 | Други пумпи<br>Ех.<br>— Ејектори (млазни пумпи) за отстранување згура под котли<br>— Инјектори (млазни пумпи) за брзгање вода во котли |
| 84.11/1в | Компресори<br>Ех.<br>— Повеќестепени компресори за гасни турбини<br>— Ротациони компресори |
| 84.13/1а | Горилници за ложишта за печки за течно гориво<br>Ех.<br>Горилници со капацитет од 1000 kg/h и повеќе за котли за производство на водена пара капацитет 180 t/h и повеќе |
| 84.18/2 | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ех.<br>— Уреди за пречистување на трансформаторско масло<br>— Уреди за пречистување на масло за подмачкување на лежишта на турбини и генератори |
| 84.20/1 | Ваги и апарати за мерење и контрола во производство<br>Ех.<br>Автоматски шински ваги за проточно мерење на тежината на јаглен во термоелектрани и топлани |
| 84.59/1 | Нуклеарни реактори |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ех.<br>Уреди за добивање водород со електролиза, за ладење генератори |
| 84.61/1 и 2 | Славини, вентили и слични уреди за цевоводи и др.<br>Ех.<br>— Вентили за притисоци од 50 атмосфери и повеќе и температури на медиум од 300° С и повеќе<br>1) автоматски<br>2) други<br>— Вентили со пречник над 350 mm<br>1) автоматски<br>2) други<br>— Вентили со далечинско управување<br>1) автоматски<br>2) други<br>— Предтурбински, водостопански и сифонски затворачи со автоматско отворање и затворање со помош на мотор<br>1) автоматски<br>2) други<br>— Уреди (вентили) за редуцирање на температурата и притисок на пара за парни турбини и котли<br>1) автоматски<br>2) други |
| 85.01/3 | Генератори и мотори, со тежина над 1000 kg по парче<br>Ех.<br>Турбогенератори за производство на електрична енергија, сила над 320 MW |
| 85.02/1 | Електромагнети<br>Ех.<br>Елетромагнетни одвојувачи на феромагнетни елементи од јаглен |
| 85.15/3 | Други радиоемисиони и телевизиски преносни и приемни апарати и др.<br>Ех.<br>Индустриска телевизија за котли |
| 85.23/3 | Други изолирани електрични спроводници<br>Ех.<br>Оклопени шински врски за врска на генераторот со трансформаторот и на трансформаторот со разводната постројка |
| 90.28/1, 3 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ех.<br>— Уреди за автоматско мерење на нивото на јаглен во бункери и полнење предмети со јаглен<br>— Детектори за откривање метални предмети во јаглен<br>— Повеќеканални осцилоскопи<br>— Осцилоскопи со меморија<br>— Ватмери за мерење на силата и сигналите на УКБ фреквенции<br>— Прецизни мерни мостови за фреквенции до 2 MHz<br>— Мерачи на шумови на високофреквентни линии |

3. Сојузниот секретаријат за финансии ќе ѝ достави на Сојузната управа за царини потребен број комплетни примероци на усогласените спецификации на опремата, репродукциониот материјал и делови што како составен дел на Спогодбата од точка 1 на ова решение, се утврдени и потпишани од страна на претставниците на Заедницата на југословенското електростопанство и на Југословенското деловно здружение на машиноградбата и електромашиноградбата.

Сојузниот секретаријат за финансии ќе ѝ ги достави на Сојузната управа за царини и евентуалните измени и дополненија на усогласените спецификации што ќе бидат утврдени и потпишани од страна на претставниците на Заедницата на југословенското електростопанство и на Југословенското деловно здружение на машиноградбата и електромашиноградбата.

4. Заради упростување на царинската постапка во врска со спроведувањето на ова решение, директорот на Сојузната управа за царини, на предлог од Заедницата на југословенското електростопанство. ќе ги определи царинарниците преку кои ќе се врши увозот на производите од точка 1 на ова решение.

На царинарниците од став 1 на оваа точка Сојузната управа за царини ќе им достави потребен број комплетни примероци на усогласените спецификации.

5. Царинарниците со должни да водат евиденција за разликата помеѓу царината пресметана според пропишаните стапки и царината пресметана и наплатена на начинот предвиден со ова решение и тоа посебно за опремата од точка 1, а посебно за опремата од точка 2 на ова решение, со тоа што ќе води сметка да не се пречекорат количествата и вредностите опфатени со усогласените спецификации за производите од точка 1 на ова решение.

6. Заедницата на југословенското електростопанство ќе води евиденција за извршувањето на ова решение, за одделни електроенергетски објекти.

Податоците од евиденцијата од став 1 на оваа точка Заедницата на југословенското електростостопанство ќе им ги достави, по потреба, на надлежните сојузни органи.

7. Поблиски објаснениіа и упатства за спроведувањето на ова решение ќе дава, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

8. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти и диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство („Службен лист на СФРЈ", бр 19/75, 48/75, 61/75, 30/76. 5/77 и 53/77).

9. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 848
9 ноември 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

## 941.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА ЈАГЛЕН И ПРИ ОБЛАГОРОДУВАЊЕ НА ЈАГЛЕН

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во рудниците на јаглен и при облагородување на јаглен, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ" бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број од Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 82.05/1ж | Изменливи алати за електрични и пневматски дупчалки од метални карбиди за дупчење и сондажа во рударството |
| 82.05/2 | Изменливи алати за електрични и пневматски дупчалки од дијамант агломериран или не за дупчење и сондажа во рударството |
| 84.01/1 | Котли за производство на водена и друга пара<br>Ex.<br>Котли за производство на водена пара за сушење и гасификација |
| 84.03/4 | Други генератори<br>Ex.<br>Генератори под притисок со постројка за кондензација и припаѓачки уреди (пречистувачи ладилници, сушилници, подгревачи и др.), кои функционо се врзани со генераторот за производство на гас |
| 84.10/2 | Пумпи за течности со наизменично пркање клипни<br>Ex.<br>— Подводни клипни пумпи, за рудниците на јаглен<br>— Пумпи за хидраулика со погонски агрегати со агрегат за размена на течности. филтери под притисок и компресор<br>— Рециркулациони пумпи за доводна и одводна вода во гасификацијата<br>— Пумпи со наизменично движење<br>— Пумпи за бризгање гориво во дизел-мотори, механизација што е опфатена со ова решение<br>— Специјални клипни пумпи за преточување течен кислород од поголеми шишиња во помали |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи за течности |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.10/4 | Ротациони пумпи за течности<br>Ex<br>Рециркулациони пумпи за доводна и одводна вода во гасификацијата |
| 84.10/2, 3, 4 и 5 | Други пумпи за течности<br>Ex.<br>Противпожарни пумпи за рударството |
| 84.11/1а-2 | Воздушни вакуум-пумпи<br>Ex<br>Уреди за отпливање на масленият пласт и придружните карпи во „S" изработка |
| 84.11/1в | Компресори воздушни<br>Ex<br>— Стабилни компресори над 2.000 $m^3/h$, за притисок од 7 атм, за рудниците на јаглен<br>— Компресори за притисок над 600 атм, со арматура за откопување јаглен |
| 84.11/4 | Вентилатори<br>Ex<br>Рударски јамски вентилатори во „S" изработка |
| 84.14/9 | Индустриски печки, неелектрични<br>Ex<br>Швелна печка за производство на единичен и ситен полукокс |
| 84.17/ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex<br>Разладни кули за вода во гасификацијата и швеларниците |
| 84.17/11 | Машини и уреди за обработка на материјали со менување на температура — — други<br>Ex<br>— Уреди за досушување на јаглен и одвод на отпадна пара од бункери<br>— Уреди за дестилација на јаглен<br>— Уреди за отплинување на напојната вода, на генератотри<br>— Уреди за разложување на воздухот — — производство на кислород<br>— Уреди за издвојување тер, фенол, масло и кондензирана вода од гасот добиен во процесот на гасификацијата на јагленот<br>— Уреди за издвојување сулфурдиоксид, јаглендиоксид, суров бензин и други фракции од гас добиен во процесот на гасификацијата на јаглен<br>— Уреди за ладење гас и кондензација на другите состојки во гасот<br>— Уреди за сушење полукокс во швеларници<br>— Автоклави со сад за кондензат за сушење јаглен со водена пара |
| 84.18/2 | Машини и уреди за филтрирање или пречистување<br>Ex<br>— Уреди за отпрашување транспортери и мостови, кои се состојат од вентилатори за смеса на воздух и прав, издвојувачи на прав кои можат да бидат сувомеханички или влажни пречистувачи<br>— Уреди за биолошко пречистување на фенолни води<br>— Уреди за филтрирање отпадочни води при сушењето на јаглен<br>— Уреди за исплакнување и пречистување на запрашен гас кој се добива со гасификацијата на јаглен |
| 84.20/1 | Ваги за мерење и контрола во производството (крански ваги, ваги врз ковсери, за мерење со контејнери и ваги за дозирање)<br>Ex<br>— Шински автоматски ваги за мерење на дојдовни количества на јаглен<br>— Дозатори за скипови |
| 84.21/3 | Апарати за распрскување течности<br>Ex<br>Монитори за хидраулично напојување и откопување на јаглен со млаз на вода |
| 84.22/4 | Лифтови и скипови<br>Ex<br>Извозни машини за рудниците на јаглен (тапанести и koepe-систем со едно или повеќе јажиња со садови за извезување — скипови и кошеви, придружен прибор за кошеви и скипови и сигурносни уреди на извозните постројки) |
| 84.22/6а и в | Машини и уреди за транспортирање во ров — друго<br>Ex<br>— Оклопни греблести транспортери со еден, два или три синџири<br>— Членести транспортери со еден или два синџира |
| 84.22/6б | Транспортери со гумена или челична лента врз база на движењето на лентата, со сопствен погон за транспортирање во рударството |
| 84.22/6ѓ | Жичници<br>Ex<br>— Жичници за рудниците на јаглен, скилифтови<br>— Јамски жичници |
| 84.22/1 и 2 | Дигалки и витли со опирање<br>Ex<br>— Извлекувачки витли за рудниците на јаглен<br>— Уреди за поместување на лентата врз површинските копови на рудниците на јаглен |
| 84.22/2 и 6 | Дигалки и други машини и апарати за дигање, манипулирање, натовар и истовар<br>Ex<br>— Натоварувачи врз гасеници со мотор над 160 KS, за рудниците<br>— Специјални јамски ленти за превезување луѓе<br>— Уреди за истовар и натовар на вагонети во кош на окното, врз пневматски, електричен или хидрауличен погон<br>— Јамски машини за натовар на јаглен и јаловина<br>— Грајфери, натоварувачи на јаглен<br>— Уреди (цевки на транспортери) со крацери за извлекување и отпрема на шлака во процесот на добивање гас од јагленот (гасификација)<br>— Натоварувачи врз тркала со мотор до 75 KS и над 180 KS |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Јамски механички лопати за натовар на јаглен |
| 84.23/2 и 3 | Булдожери, багери, англдозери и слични машини<br>Ex<br>— Багери со вертикална крута лажица со зафатнина над 4 $m^3$<br>— Багери со скреперска-повлечна лажица (dreglajn), над 4 $m^3$ зафатнина<br>— Багери ведричари<br>— Багери ротациони<br>— Хидраулични багери со челна лажица со зафатнина од 2.500 литри и повеќе<br>— Булдожери и турндозери со мотор над 250 KS, за рудниците |
| 84.23/4 | Други машини, самоодни<br>Ex<br>— Скрепери над 160 KS, за рудници<br>— Натоварувачи врз тркала со мотор до 75 KS и над 180 KS<br>— Машини за откоп во рударството |
| 84.23/5 | Машини за длабински дупчења<br>Ex<br>Машини за истражувачки и рударски длабински дупчења |
| 84.23/6б | Други машини за дупчење руди<br>Ex<br>— Дупчалки ротационо-перкусиони, самоодни со пречник на дупчењето над 9 пола и можност за дупчење под агол од 30° во однос на вертикалната линија<br>— Дупчалки за лепезесто дупчење со постамент<br>— Уреди за полнење мински дупки со експлозив<br>— Уреди за изработка на вертикални, хоризонтални и коси простории во јами |
| 84.49/1а | Алати за рачна употреба врз пневматски погон<br>Ex<br>Преносни дупчалки |
| 84.56/1 | Уреди за сортирање, флотирање и брикетирање<br>Ex<br>— Машини за издвојување (чистење) јаглен од јаловина со вода и на тешки течности<br>— Уреди за брикетирање јаглен<br>— Машини и уреди за суво сепарирање јаглен |
| 84.56/2 | Машини за кршење или мелење<br>Ex.<br>— Дробилки за јаглен, со капацитет од 50 тони на час и повеќе<br>— Дробилки за јаловина, со капацитет од 120 тони на час и повеќе |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex<br>— Машини и уреди за поставување и одржување колосеци на површинските копови од рудниците на јаглен<br>— Истресувачи (випери)<br>— Хидраулична подграда за рудници<br>— Експанзиони, таложни, собирни и други резервоари за издвојување тер, масло и кондензирана вода од гасот добиен од јаглен<br>— Уреди за протектирање гуми за механизацијата што е опфатена со ова решение<br>— Специјални уреди — дезинфекциони комори за дезинфекција на опремата за спасување по хемискиот пат |
| 84.63/3 | Склопови на запчести тркала и други склопови за менување на брзината<br>Ex<br>Склопови на запчести тркала и други склопови за менување на брзината за машини и механизација кои се опфатени со ова решение |
| 85.01/1, 2 и 3 | Генератори и мотори<br>Ex<br>Електрични мотори и генератори за електрични багери и кипери — дампери со носивост над 75 тони |
| 85.04/1а | Оловни акумулатори (киселински)<br>Ex<br>Акумулатори за јамски локомотиви во „S“ изработка |
| 85.05/1 | Рачни алати со вграден електричен мотор за дупчење<br>Ex<br>Преносни електрични дупчалки |
| 85.08/1 | Стартери за мотори, динама<br>Ex<br>Стартери и динама за мотори за механизацијата што е опфатена со ова решение |
| 85.10/2а | Рударски акмулатотрски светилки<br>Ex<br>Рударски електрични светилки во „S“ изработка |
| 85.11/2 | Електрични машини и апарати за заварување, летување и спојување<br>Ex<br>Апарати за спојување (вулканизирање) транспортни гумени ленти |
| 85.13/1а и б | Телефонски централи и телефонски апарати<br>Ex<br>Јамски телефони и телефонски централи во „S“ изработка<br>— Централи<br>— Телефони:<br>— индукторски SB и слични<br>— автоматски и регистрирачки |
| 85.15/1 | Радиотелефонски приемници и предаватели<br>Ex<br>Радиоприемници и предаватели за телекомуницирање во рудниците на јаглен (бежични дојавни апарати) |
| 85.15/1, 3 и 8 | Други апарати<br>Ex.<br>Уреди за водење, следење и контрола на процесот на експлоатацијата на јагленот по телевизиски пат |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 85.17/1 | Електрични апарати за звучна сигнализација<br>Ex<br>За рудниците на јаглен |
| 85.17/2 | Електрични апарати за визуелна сигнализација<br>Ex<br>За рудниците на јаглен |
| 85.17/3 | Електрични апарати за комбинирана звучно — визуелна сигнализација<br>Ex<br>За рудниците на јаглен |
| 85.19/1 | Електрични апарати и нивни делови за вклучување, исклучување и заштита на електричните кола и создавање споеви<br>Ex<br>Мрежни контролници на низок и висок напон, расветлувачки и кабелски контролници во „S“ изработка |
| 85.19/1 | Расклопни апарати, за низок и висок напон<br>Ex<br>Заштитни расклопни апарати и разводни уреди, со низок и висок напон во „S“ изработка |
| 85.19/1 | Разводни уреди со вградени апарати (командни, разводни и сигнални табли, пултови и сл.)<br>Ex<br>— Уреди и опрема за диспечерски станици (командни и сигнални табли)<br>— Командни ормани за хидраулични пумпи во процесот на добивање гас од јаглен (гасификација)<br>— Командни и разводни уреди за управување со извозни машини за рудниците на јаглен<br>— Командни табли<br>Забелешка: Пониската царинска стапка за командни и разводни уреди за управување со извозни машини за рудниците на јаглен ќе се примени само ако тие уреди се увезуваат во рамките на испораката на извозни машини за рудниците на јаглен, без оглед дали се увезуваат тие заедно (истовремено) со тие машини или посебно |
| 85.19/1 | Заштитни уреди за постројки со висок и низок напон (осигурувачи одводници на пренапон, релеи, прекинувачи и др)<br>Ex<br>— Заштитни расклопни апарати и разводни уреди со низок и висок напон во „S“ изработка |
| 85.19/1 | Кабелски спојници<br>Ex<br>Спојници за соединување кабли со низок и висок напон во „S“ изработка |
| 85.23/1 | Кабли за пренесување сила<br>Ex<br>Специјални високонапонски кабли за откопни машини и кабли за метански јами |
| 85.23/2 | Кабли за телекомуникација<br>Ex<br>Телефонски кабли за рудниците на јаглен |
| 85.23/3 | Други изолирани електрични спроводници<br>Ex<br>Сигнални кабли за рудниците на јаглен |
| 86.02/2 | Акумулаторски електрични локомотиви<br>Ex<br>Акумулатотрски локомотиви во „S“ изработка |
| 86.02/3 | Електрични локомотиви со напојување од еден систем<br>Ex<br>Електрични (тролеј) локомотиви на површински копови за превоз на јаглен и јаловина во „S“ изработка |
| 86.02/4 | Електрични локомотиви со напојување од повеќе системи<br>Ex<br>Комбинирани локомотиви (акумулаторски и тролеј) за превоз во рудници |
| 86.02/4 | Други локомотиви и маневарки<br>Ex<br>Локомотиви на компримиран воздух |
| 86.03/1 | Дизел електрични локомотиви<br>Ex<br>Дизел електрични јамски локомотиви кои се движат по една шина |
| 86.03/2 | Дизел хидраулични локомотиви<br>Ex<br>Дизел хидраулични јамски локомотиви кои се движат по една шина |
| 86.03/3 | Дизел механички локомотиви<br>Ex<br>Дизел локомотиви во „S“ изработка |
| 86.03/4 | Други шински локомотиви<br>Ex<br>Локомотиви на компримиран воздух |
| 86.05/3 | Други вагони<br>Ex<br>Специјални јамски вагони за превоз на луѓе во јами, кои се движат по една шина |
| 86.06/2 | Железнички вагони — дигалки<br>Ex<br>Вагон-дигалка за поместување колосеци врз површински копови на рудниците на јаглен за колосек до 0,90 m |
| 86.07/1в | Вагони со вградени истоварни уреди — пневматски, хидраулични и други<br>Ex<br>Специјални вагони превртувачи со зафатнина од над 40 m³ |
| 86.07/1s | Други вагони за превоз на стоки<br>Ex<br>Специјални јамски вагони за превоз на јаглен во јами, кои се движат по една шина |
| 87.02/3 | Камиони, кипери и дампери<br>Ex<br>Камиони, кипери над 30 t носивост |
| 87.02/3в | Други моторни возила за пренесување материјали<br>Ex<br>**Јамски камионети со подвижно дно (chutete car)** |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок или други променливости на течности или гасови или за автоматска контрола на температура<br>Ex<br>— Контролници на вентилацијата на брзината на струењето на воздухот во јамските ходници или во ветрените цевки во „S" изработка<br>— Инструменти за мерење јамски притисоци и горски удари |
| 90.25 | Инструменти за физички и хемиски анализи<br>Ex<br>— Инструменти за контрола на јамските гасови<br>— Инструменти за испитување на физичко-механичките особини на јагленот и придружните карпи |
| 90.26/2а | Други справи за мерење на потрошувачката или производството на гасови<br>Ex<br>Уреди за прием и предавање на гас, со гасни бројачи |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex<br>— Мрежни контролници на низок и висок напон осветлувачки и кабелски контролници во „S" изработка<br>— Геофони (апарати за регистрирање на звукот)<br>— Инструменти за мерење јамски притисоци на горски удари<br>— Контролници на вентилацијата на брзината на струењето на воздухот во јамски ходници или во ветрени цевки во „S" изработка<br>— Автомати за контрола на гумената лента на транспортер во „S" изработка<br>— Контролни ормани за хидраулични пумпи во процесот на добивање гас од јаглен (гасификација)<br>— Термостати за мотори со внатрешно согорување на механизацијата која е опфатена со ова решение. |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за одредување на пониски царински стапки за специфичната опрема што се користи во рудниците на јаглен и при облагородувањето на јаглен („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73, 28/75 и 61/75)

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр 849
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

## 942.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ЕКСПЛОАТАЦИЈАТА НА НАФТА И ПРИРОДЕН ГАС

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во експлоатацијата на нафта и природен гас, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 82.05/1ж | Изменливи алати за дупчење и сондажа<br>Ex.<br>— Алати за дупчење на дупнатини длабоки над 1000 m<br>— Алати за дупчење на дупнатини длабоки над 1.000 m, од метални карбиди |
| 82.05/2а | Изменливи алати од дијамант, агломериран или не, за дупчење и сондажа — — рударски<br>Ex.<br>Дијамантски алати за дупчење на дупнатини длабоки над 1.000 m |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи за транспорт на нафта, отпорни на абразивни материи<br>— Клипни пумпи со висок притисок за исплакнување дупнатини<br>— Клипни длабински пумпи за експлоатација на нафта |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>— Центрифугални повеќестепени челични пумпи за транспорт на нафта, отпорни на абразивни материи.<br>— Центрифугални длабински пумпи за експлоатација на нафтени дупнатини<br>— Центрифугални повеќестепени пумпи за изработка и транспорт на исплака при истражување на нафта и гас, отпорни на абразивни материи |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>— Ротациони пумпи за транспорт на течни гасови<br>— Вијчени челични пумпи за нафта |
| 84.11/в | Компресори<br>Ex.<br>— Компресори без подмачкување<br>— Центрифугални гасни компресори<br>— Компресори за експлозивни гасови (со лавиринтски или со механички затиначи) |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Вијчени стабилни воздушни компресори со сила над 70 KS за напојување со воздух на мерно-регулациони уреди |
| 84.13/3 | Уреди за ложење<br>Ex.<br>Специјални уреди за спалување на нафта и гас при испитување на дупнатини |
| 84.17/2к | Други машини за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Уреди за сушење на воздухот за пневматски инструменти<br>— Колони за дестилација на гас, од легиран и платиниран челик, со пречник од 3 m и повеќе<br>— Уреди за десалинизација на морска вода, со евапоризација и кондензација |
| 84.18/2 | Машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ex.<br>— Уред за издвојување на вода и водена пара од гасови и течни гасови со помош на хидроскопни материи<br>— Уреди за пречистување на исплака |
| 84.21/2 | Апарати за гасење пожари<br>Ex.<br>Специјални уреди за гасење пожари на стабилни резервоари со механичка пена |
| 84.22/6 | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар и сл.<br>Ex.<br>Специјални уреди за натовар и истовар на нафта |
| 84.23/5 | Машини за длабински дупчења<br>Ex.<br>Машини за длабински дупчења со можност за дупчење над 1.000 m<br>— Уреди за ублажување-амортизирање на вертикални удари при дупчење<br>— Машини за експлоатација на нафта |
| 84.45/3 | Стругови<br>Ex.<br>Специјални стругови без шилци за нарежување API навои на цевки должина од 10 и повеќе метри, за пречници од 2,5 и повеќе цола |
| 84.50/5 | Апарати за гасно површинско калење<br>Ex.<br>Уреди за површинско калење на кошулки на цилиндри на пумпи и сл. |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>Уреди за издвојување на вода и сол од нафта |
| 84.61/1 | Автоматски славини, вентили и слични уреди<br>Ex.<br>— Уреди за спречување на ерупција на гас или на нафта од дупнатини превентери<br>— Славини со подмачкување за притисоци од над 40 атмосфери<br>— Челични сигурносни вентили<br>— Топчести славини за притисоци од над 100 атмосфери |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Дишни вентили за регулирање на притисокот во затворени садови (цистерни и резервоари)<br>— Електромагнетни вентили (во експлозионо сигурносна изработка)<br>— Автоматски уреди за отворање и затворање на превентери, со далечинско управување |
| 84.61/2 | Други славини, вентили и слични уреди<br>Ex.<br>— Славини со подмачкување за притисоци од над 40 атмосфери<br>— Челични вентили и резиња со пречник од 12 и повеќе цола<br>— Топчести славини за притисоци од над 100 атмосфери<br>— Челични вентили и резиња за притисоци од над 100 атмосфери<br>— Вентили со сервоуреди и со далечинско управување со пречници од 12 и повеќе цола |
| 84/64 | Затворачи и слични спојници од метални листови комбинирани со друг материјал или од метални фолии и сл.<br>Ex.<br>Метални и металнографитни механички затиначи за пумпи и компресори опфатени со ова решение |
| 85.01/3 | Генератори на наизменична струја<br>Ex.<br>— Електромотори со низок и висок напон. во „S" изработка, со тежина над 1.000 kg по парче<br>— Дизел електрични агрегати за производство на електрична струја, со тежина над 1.000 kg по парче со сила од над 800 KW |
| 85.19/1 | Заштитни расклопни апарати и разводни уреди, со низок и висок напон<br>Ex.<br>Расклопни апарати со низок напон за сили над 20 KW, изработени во специјална сигурносна верзија |
| 85.22/2 | Други електрични стоки и апарати<br>Ex.<br>Апарати за напукување во дупнатини |
| 87.02/3а | Цистерни<br>Ex.<br>Автоцистерни за превоз на течни гасови |
| 87.02/3в | Камиони. кипери и дампери, со носивост над 20 тони<br>Ex.<br>Камиони со носивост над 20 тони |
| 87.03/13 | Други моторни возила за специјални цели<br>Ex.<br>— Специјални возила со пумпи за цементирање на дупнатини за нафта и гас<br>— Специјални возила со мешалки за подготвување на цементно млеко за цементирање на дупнатини<br>— Специјални возила за електрокаротажни испитувања на слоеви во дупнатина<br>— Специјални возила за спуштање на алатот со жица во дупнатини |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Специјални возила со кули за поправка на дупнатини |
| 89.03/2 | Други пловни објекти<br>Ex.<br>Пловни дупчачки платформи за истражување на нафта и гас во подводни седименти, со работна површина над 1.500 m², со можност за дупчење од над 1.000 m, сѐ припаѓачка опрема |
| 90.14/2 | Други инструменти и апарати за премерување и др.<br>Ex<br>Механички инструменти за мерење косина на дупнатина |
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др.<br>Ex.<br>Пневматски инструменти и апарати за мерење и автоматска контрола на проток во цевоводи со пречник над 3/4 цола<br>— Пневматски инструменти и апарати за мерење и автоматска контрола на нивото врз база на истиснување на флуиди<br>— Рефлексни покажувачи на нивото<br>— Пресостати за сигнализација на притисок во обична и експлозивно сигурносна изработка<br>— Диференцијални пресостати во обично и експлозивно сигурносна изработка<br>— Приспособливи сапници за задушување на ерупција од дупнатина, како составен дел на опремата<br>— Специјални уреди за квалитативно и квантитативно утврдување на составот на мострите од дупнатина, при испитување |
| 90.26/2а | Справи за мерење потрошувачка или производството на гасови<br>Ex.<br>Справи за волуметриско мерење потрошувачка или производство на гасови со капацитет над 6 m³/h |
| 90.26/2б | Справи за мерење потрошувачка или производство на течности<br>Ex.<br>Справи за мерење потрошувачка или производство на течности, освен водомери до 2 цола |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Апарати за електрокаротажни испитувања<br>— Апарати за управување со процесот на дупчење (оптоварување на длета, бројот на обртите на масата и количеството на исплаката)<br>— Потенциометарски индикатори на температурата (од стандардна и конзолна изработка) за мерење на над 10 мерни места<br>— Мерач на температурата од типот:<br>а) напонско пневматски од обична изработка<br>б) струјни пневматски во експлозионо сигурносна изработка<br>в) пневматски струјни во експлозионо сигурносна изработка<br>— Електрични и електронски инструменти за мерење и автоматска контрола на нивото:<br>а) врз база на истиснување<br>б) со пливка<br>— Електрични и електронски инструменти за мерење косина на дупнатина со помош на фотоќелија<br>— Инструменти и апарати за автоматска контрола и анализа на параметрите во процесот на дупчењето<br>— Електронски пишувачи за вградување во контролни плочи |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи во експлоатацијата на нафта и природен гас („Службен лист на СФРЈ", бр 20/73 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 850
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

## 943.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА НАФТОВОДИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за изградба на нафтоводи, царината во 1976 година ќе се преместува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.18/2а | Рабни цевки<br>Ex.<br>— Рабни челични цевки надолжно заварени, Ø 18 до 36" според API Std 5 LX<br>— Рабни челични цевки спирално зава- |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | рени, Ø 18 до 36" според API Std 5 LX за транспорт на нафта |
| 73.20/1, 2 и 3 | Прибор за цевки од железо или челик (спојници, колена, составки, маншони, фланши, итн.)<br>Ex.<br>— Цевни колена од 45 степени, 90 степени и 180 степени, од заварена и кована изработка Ø 12 3/4 до 50" и притисок до 10 at, за спојување челични цевки со заварување<br>— Лакови до 45 степени, 90 степени и 180 степени, од заварена и кована изработка, Ø 12 3/4 до 50" и со називен притисок до 100 at, за спојување челични цевки со заварување<br>— Чаталести Т-парчиња, од заварена и кована изработка Ø 12 3/4 до 50" и со притисок до 100 at, за спојување цевки со заварување<br>— Цевни редуцири концентрични и ексцентрични од заварена и кована изработка, Ø 12 3/4 до 50" и со притисок до 100 at, за спојување цевки со различен пречник со заварување<br>— Цевни капи, од заварена и кована изработка Ø 12 3/4 до 50" и со притисок до 100 at, за затворање краишта на цевки со заварување |
| 73.22/1б | Други цистерни резервоари и сл.<br>Ex.<br>Резервоари со пловечки покрив, со волумен од 10.000 $m^3$ до 100.000 $m^3$ според API Std 650 |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифугални пумпи од хоризонтална изработка, едностепени и повеќестепени за сурова нафта (напон на парата до 1 at), со капацитет од 300 $m^3$/h и повеќе и 1.500 обрти во минута и повеќе |
| 84.18/2 | Машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ex.<br>Филтерски уреди за вградување во цевоводи, Ø до 50" и притисок до 100 at, заради заштита на пумпи, вентили, мерни инструменти и сл. од нечистота |
| 84.21/2 | Апарати за гаснење пожар<br>Ex.<br>— Стабилни уреди за гаснење пожар со помош на воздушна пена<br>— Стабилни уреди за гаснење пожар со помош на гасови (BCF)<br>— Стабилни автоматизирани топови и подвижни топови за гаснење пожар, комбинирано вода—пена. |
| 84.22/1 | Витли со опирање<br>Ex.<br>Витли со слипни кукачки за прифаќање бродски јажиња |
| 84.22/6к | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар и сл.<br>Ex.<br>— Истечувачки раце со Ø над 16" за истовар на сурова нафта со хидраулично управување<br>— Истечувачки раце со Ø над 16" за натовар на гориво во бродови, со хидраулично управување |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Резервоари со пловечки покрив и мешалка, со волумен од 10.000 $m^3$ до 100.000 $m^3$ според API Std 650<br>— Уреди за чистење нафтоводи<br>— Пневматски завеси за заштита на морето од загадување, со припаѓачката опрема, вклучувајќи ја и компресорската станица |
| 84.61/1 | Автоматски славини, вентили и сл.<br>Ex.<br>— Автоматски регулациони едноседи вентили за регулација на притисокот или протокот во нафтоводот со припаѓачкиот серво-уред (актуатор) од над 22" и притисок од 10 до 100 at (класа 150—600)<br>— Автоматски регулациони топчести вентили за регулирање на притисокот или протокот во нафтовод со серво-уред (актуатор) од 2" до 30" и со притисок до 100 at<br>— Автоматски неповратни (противповратни вентили со заклопка, обични и со амортизери, од 2" до 50" и со притисок до 100 at<br>— Автоматски сигурносни вентили со пилот-вентил од 2" до 50" и со притисокот до 100 at<br>— Автоматски блок-вентили, со полн светол отвор за минување на чистачот, со димензии од 12" до 36" и со притисок до 100 at, за прекинување на протокот на нафта во цевовод со моторен погон<br>— Автоматски топчести блок-вентили со полн светол отвор за минување на чистачот, со димензии од 12" до 36" и со притисок до 100 at, за прекинување на протокот на нафта во нафтовод со моторен погон |
| 84.61/2 | Други славини, вентили и сл.<br>Ex.<br>— Вентили со диск (globe valve) од 2" до 50" и со притисок од 10 до 100 at, според API, класа 150—600<br>— Шибери (gate valve) од 2" до 50" и со притисок од 10 до 100 at, според API класа 150—600<br>— Топчести вентили (valve ball) од 2" до 50" и со притисок од 10 до 100 at, според API класа 150—600<br>— Славини од 2" до 50" и со притисок од 10 до 100 at, според API класа 150—600<br>— Противпожарни хидранти за називен притисок поголем од 10 at |
| 84.63/2 | Други куќишта за лежишта и лежишта за рамни оски и др.<br>Ex.<br>Хидраулични спојници |
| 84.64 | Затворачи и слични спојници од метални листови и др.<br>Ex.<br>Асортимани на чепови од комбинирани материјали за цевки, цевоводи, арматури, резервоари (tube seal), машини и системи во контактот со нафта |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за изградба на нафтоводи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 42/76).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 851
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

## 944.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ГАСОВОДИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за изградба на гасоводи, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.18/1 | Безрабни челични цевки<br>Ex.<br>Безрабни цевки високо легирани од 1/8 до 12 за процес на рафинација на природен гас, при температура од 100 до 800°C, за притисок до 80 at |
| 73.18/2a | Рабни цевки<br>Ex.<br>— Рабни челични црни цевки надолжно заварени од 14 до 30 за транспорт на гас во индустриски гасовод со висок притисок (6 kp/cm²)<br>— Рабни челични црни цевки надолжно заварени од 14 до 30 за транспорт на природен гас<br>— Рабни челични црни цевки надолжно заварени од 14 до 30 за пропуштање на јаглеводород во постројки за подготовување на природен гас во производството на течен гас<br>— Рабни челични црни цевки надолжно заварени од 14 до 30 за вода, воздух и пара во постројка за подготвување и производство на течен гас |
| 73.20/2 | Колена<br>Ex.<br>Колена за челични цевки од 1/8 до 30 до 55 ata |
| 73.20/1 и 3 | Друг прибор за цевки<br>Ex.<br>— Челични фитинзи за заварување на цевки за притисоци до 50 ata од 1 до 30 за транспорт на природен гас<br>— Челични фитинзи со димензија од 1/8 до 24 челични цевки на постројки за подготвување на природен и производство на течен гас за притисоци до 55 ata<br>— Прирабници (спојници) челични за челични цевки за притисоци до 50 ata од 1 до 28 за гасоводи<br>— Прирабници, челични од 1/8 до 24 за челични цевки до 55 ata притисок во постројката за подготвување на природен и за производство на течен гас<br>— Наварни капи, челични, од 1 до 30, за гасоводи<br>— Челични спојници за инструменти од 1/4 до 1, за гасоводи |
| 73.22/1a | Цистерни, резервоари и сл. со внатрешна облога или со топлинска изолација, над 300 m³<br>Ex.<br>Резервоари челични за складирање на газолин, со волумен над 300 m³ до 500 m³ во постројка за производство на течни гасови |
| 73.24 | Цилиндри и слични контејнери за компримирани гасови, од железо или од челик<br>Ex.<br>Садови под притисок за ниски температури до —101°C за прифаќање на гасови во постројка за подготвување на природен и за производство на течен гас |
| 73.37/1 | Котли<br>Ex.<br>Челични котли за загревање вода заради загревање гас, со капацитет од 25.000 до 1,000.000 Kcal/h |
| 73.40/4 | Други производи од железо или од челик<br>Ex.<br>Челични клапни за означување на помин на чистачи на цевки |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>— Клипни пумпи за транспорт на јаглеводород со електричен мотор во „S“ изработка за транспорт на гликол, со клипови и клипник, од нерѓосувачки челик, за постројки за подготвување и за производство на течни гасови<br>— Клипни „plunger“ (еднoработни) пумпи со електричен мотор во „S“ изработка за транспорт на гликол, со клипови и клипник, од нерѓосувачки челик за постројки за подготвување и за производство на течни гасови<br>— Повеќефазни клипни пумпи, со електричен мотор во „S“ изработка, со хоризонтално раздели куќишта за транспорт на јаглеводород во по- |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | стројка за производство на течни гасови |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифугални пумпи за транспорт на течни јагленоводороди со електричен мотор во „S" изработка, со челични куќишта, за постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>Центрифугални повеќестепени херметички пумпи за течен пропан-бутан гас, отпорни на агресивни хемиски материи, со електромотор во „S" изработка |
| 84.11/1в | Компресори<br>Ex.<br>— Центрифугални гасни компресори со погон на гасна турбина за создавање на мошне ниски температури на јагленоводород во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>— Центрифугални гасни компресори со моторен погон на гас за создавање на мошне ниски температури на јагленоводород во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>— Клипни гасни компресори со погон на гас за создавање на мошне ниски температури во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>— Клипни гасни компресори со моторен погон на гас за зголемување на притисокот на гасот во гасоводите<br>— Стабилни повеќецилиндрични и херметички компресори, отпорни на агресивни хемиски материи со електромотор во „S" изработка |
| 84.14/10 | Индустриски печки, неелектрични<br>Ex.<br>Неелектрични печки на гас за загревање на циркулационо масло заради загревање на јагленоводород |
| 84.15/3 | Разладна опрема за производство на ниски температури<br>Ex.<br>Турбо-експандери за производство на студ од околу —70°C во процесот на подготвувањето на природен гас и на производството на течни гасови |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Разладни кули на вода, со елементи за спојување и вентилатор за водени ладилници во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>Цевни и ребрести изменувачи на топлина на јагленоводород во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови |
| 84.18/2 | Други машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ex. |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Уреди за филтрирање на влезниот гас и издвојување вода од гасоводот во постројка за подготвување на природен гас и преработка на течни гасови<br>— Уреди за механичко-филтрирање на гас во регулациони станици, со притисок до 50 ata со капацитет од 600 до 103.000 $Nm^3/h$ за гасоводи |
| 84.19/2 | Машини и апарати за полнење<br>Ex.<br>— Автоматски уреди — карусели за полнење на челични шишиња со течен пропан-бутан гас, со над 15 комплетни машини за полнење и со погон во „S" изработка<br>— Комплетни машини за полнење на шишиња со течен пропан-бутан гас, со можност за вградување на карусел или транспортер |
| 84.20/1 | Ваги за мерење и контрола во производството<br>Ex.<br>Автоматски ваги за контрола на мерењето на дарата и нето полнењето, со можност за регулација на пет вредности на нето полнењето и вградување на транспортер |
| 84.21/3 | Апарати за распрскување на течност, со пумпи, за разни цели<br>Ex.<br>Уреди за инјектирање на метанол за дехидрација на садовите во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови |
| 84.22/1 | Витли<br>Ex.<br>Витли со опирање за подигање и спуштање на опрема потешка од 15 kg (на поклопките на влезните отвори во колоните, на слепи прирабници, на сигурносни вентили и сл.) во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови |
| 84.22/6 | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар и др.<br>Ex.<br>— Автоматски верижни транспортери за транспорт на шишиња, со можност на натрупување на шишиња, со хоризонтална промена на правецот на движењето и со можност за вградување на машини за полнење, со погон во „S" изработка<br>— Пневматски уреди за автоматско уфрлање на шишиња на корусел<br>— Полуавтоматски пневматски уреди за манипулација со шишиња со када за испитување на херметичноста<br>— Пневматски потиснувачи на шишиња со валчест транспортер |
| 84.53/3б | Комплетни дигитални централни единици за обработка на податоци; дигитални процесори, други<br>Ex.<br>— Процесни сметачи со дисплеј (екран) за обработка на телеметриски податоци за оптимално водење на транспортот на гас по должината на гасоводот<br>— Електронски сметачи на проток на гасот |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ех.<br>— Уреди за автоматска одоризација на течен нафтен гас на натоварна станица на постројка за производство на течни гасови<br>— Чистачки кутии за отпрема и прием на чистачи<br>— Чистачи на кондензатори и на талог во гасоводи<br>— Комбинирани уреди (со компресор, резервоар, приклучни глави за празнење и монометри), за празнење на неисправни и преполнети шишиња<br>— Стабилни пневматски машини за одвртување и завртување на вентили на шишиња за пропан-бутан гас |
| 84.61/1 | Автоматски славини, вентили и сл.<br>Ех.<br>— Автоматски топчести челични славини со полн отвор, од 4 до 30 и до 50 ata притисок за гасовод<br>— Двокраки автоматски вентили за префрлање, за постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>— Автоматски топчести вентили од леан јаглероден челик од 55 ata за јагленоводороди во подготвувањето на природен гас и во производството на течни гасови<br>— Челични автоматски блок-вентили до 50 ata од 2 до 6 за прекин на протокот на гасот во гасоводот<br>— Челични автоматски блок-венитили до 55 ata за периодот на протокот на гасот во постројка за подготвување на природен гас<br>— Челични автоматски славини за притисоци до 55 ata за природен гас<br>— Автоматски челични сигурносни вентили до 55 ata за јагленоводороди во подготвувањето на природен гас и во производството на течни гасови<br>— Автоматски челични славини за притисок до 50 ata од 2″ до 30″<br>— Автоматски противповратни вентили со клапна од леано железо за јагленоводороди во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>— Челични автоматски терморегулациони вентили до 55 ata, за регулација на температурата во изменувачот на топлината во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови<br>— Челични автоматски вентили за регулирање на притисокот на гасот во гасоводот до 55 ata од 1″ до 10″<br>— Челични автоматски противповратни вентили за притисок до 50 ata од 2″ до 30″ за гасовод |
| 84.61/2 | Други славини, вентили и сл.<br>Ех.<br>— Челични топчести славини за притисок до 50 ata од 4″ до 30″ за гасовод<br>— Челични славини за притисок до 50 ata од 3″ до 30″ за гасовод<br>— Челични вентили за регулирање на протокот на гас за притисок до 50 ata од 12″ до 16″ за гасовод<br>— Челични пеперужни вентили до 50 ata од 2″ до 20″ за гасовод<br>— Челични топчести славини за притисок до 55 ata за постројка за подготвување на природен гас<br>— Челични славини за притисок до 55 ata за постројка за подготвување на природен гас<br>— Иглести и пеперужни вентили до 55 ata за регулација на протокот во постројка за подготвување на природен гас<br>— Челични гасни славини од 1/4″ за притисоци над 40 ata<br>— Автоматски вентил за регулација на притисокот на течен гас |
| 84.64 | Затворачи и слични спојници<br>Ех.<br>Асортимани на затворачи, затворачи од комбинирани материјали за цевки, цевоводи и машини за постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови и за гасовод |
| 85.15/1 и 10 | Приемници и предаватели и делови<br>Ех.<br>— Параболични антени<br>— Брановоди |
| 85.22/2 | Други електрични стоки и апарати<br>Ех.<br>— Аноди од феросилициум и магнезиум за катодна заштита на гасоводи од корозија, со електричен приклучок<br>— Сигнални генератори за висока фреквенција до 1 GHz за сервисирање и дотерување на радиоуредите<br>— Испитни осцилатори (сигнал-генератори на фреквентниот обем од 10 Hz до 10 MHz)<br>— Сигнал-генератори на фреквентен обем од 10 MHz до 520 MHz<br>— SHF сигнал-генератори на фреквентен обем од 3,8 GHz до 7,6 GHz<br>— Воблер сигнал-генератори на фреквентен обем од 10 MHz до 1300 MHz и од 5,9 GHz до 9,0 GHz |
| 85.23/2г | Коаксијални кабли<br>Ех.<br>Коаксијални кабли за поврзување на диспечерскиот центар и мернорегулационите станици заради пренесување на телеметриски податоци и говорни врски во системот на гасоводот |
| 85.24/5 | Предмети од јаглен што се употребуваат во електрични цели<br>Ех.<br>Графитни аноди за катодна заштита на гасоводи од корозија, со електричен приклучок |
| 90.23/2 | Други хидрометри и слични инструменти<br>Ех.<br>Инструменти за регистрирање на точката на росење за природен гас |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др.<br>Ex.<br>— Турбо и ротациони мерачи на проток на гасот<br>— Мерно-регулациони уреди за мерење и регулација на притисок, температура и проток, без манометри и термометри |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи<br>Ex.<br>Индикациони гравиметри за мерење на релативната специфична тежина на гасовите во постројка за подготвување на природен гас и за производство на течни гасови |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Хромографи, од лабораториски тип, електрични, за анализа на составот на гас во постројка за подготвување и за производство на течни гасови<br>— Калориметри, електрични за мерење на топлотната вредност на гасот во постројка за подготвување на природен гас<br>— Анализатори на точката на росење на вода, електрични, за анализа на водена пара во природен гас заради утврдување на моментот на кондензацијата<br>— Анализатори на точката на росење за јаглеnоводороди за определување на точката на росење<br>— Анализатори на јаглен-диоксид ($CO_2$) за анализа — определување на процентот на $CO_2$ во гасот<br>— Анализатори на сулфур-водород за анализа — определување на количината на $H_2S$ во природен гас<br>— Мерачи за мерење густина на природен гас<br>— Електрични уреди за мерење специфична тежина на природен гас<br>— LCR — метар електронски инструмент за мерење индуктивност на капацитетот и отпорот, со фреквенција од 1 kHz и 100 kHz<br>— LCR — метар со пресметување грешки поради заостанатата индуктивност и расипна капацитивност на елементите на мерната фреквенција од 1 MHz<br>— Осцилоскопи со два млаза на фреквентен опсег од DC — 200 MHz<br>— Електронски универзални x-y пишувачи, со осетливост на влезот 0,4 mV/cm-4-V/cm<br>— Дигитални бројачи на електрични појави<br>— Дигитални бројачи преносни, за мерење фреквенции во мобилни системи<br>— Ватметри дигитални<br>— Мерачи на коефициенти на стоечки бранови<br>— Испитувачи на фреквентни карактеристики на микробранови уреди<br>— Преносни апарати за испитување загуби и ниво на сигналите во телекомуникациони линии<br>— Анализатори на микробранови врски<br>— Анализатори на телефонски линии |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за изградба на гасоводи („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75, 61/75, 3/77, 14/77, 9/78 и 31/78).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 852
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**945.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузнот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА ЖЕЛЕЗНА РУДА, ВО ПОДГОТОВКАТА НА ЖЕЛЕЗНА РУДА И ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА КОКС, ЖЕЛЕЗО И ЧЕЛИК

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во рудниците на железна руда, во подготовката на железна руда и во производството на кокс, железо и челик, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 40.11/2а | Надворешни гуми за дампери<br>Ex.<br>Надворешни гуми за дампери, со носивост од над 10 тони |
| 40.11/5ѓ | Внатрешни гуми за дампери<br>Ex.<br>Внатрешни гуми за дампери, со носивост од над 10 тони |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.02/1а | Предгрејачи<br>Ex.<br>Предгрејачи, на пара со висок притисок од котли на утилизатори |
| 84.02/1а и б | Помошни уреди за котли<br>Ex.<br>— Утилизатори за ладење на гасови на металуршки печки<br>— Акумулатори за пара за сместување на вишокот на парата од котли на утилизатори со висок притисок (60 at) |
| 84.03/3 | Ацетиленски генератори<br>Ex.<br>Ацетиленски генератори, со капацитет од над 25 $Nm^3/h$ |
| 84.03/4 | Други генератори<br>Ex.<br>— Уреди за производство на заштитен гас за печки за жарење<br>— Генератори за производство на кислород, со капацитет од над 200 $Nm^3/h$ — механички дел |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи со притисок над 90 at |
| 84.11/1б | Компресори<br>Ex.<br>— Подвижни компресори со работен притисок од над 10 at<br>— Стабилни компресори со капацитет од над 12 $Nm^3/min$, со притисок над 6 at |
| 84.11/4а | Вентилатори<br>Ex.<br>— Вентилатори-ексхавстори, со капацитет од над 6.000 $m^3/min$. за ладање на агломерати — механички дел<br>— Вентилатори за извлекување гасови од металуршки печки чии работни температури се над 200°C — механички дел<br>— Booster-вентилатори на уреди за снабдување на ротациони печки со гас од електроредукциони печки — механички дел |
| 84.11/4б | Дувалки<br>Ex.<br>Турбодувалки за печки за металуршки погони |
| 84.13/1в | Горилници<br>Ex.<br>Комбинирани горилници (бренери) за ложење на котли на ултилизатори и металуршки печки |
| 84.14/5 и 6 | Индустриски печки, неелектрични<br>Ex.<br>— Уреди за агломерирање (синтерување), пирометалуршко збогатување и окрупнување на компонентите на агломерационата шаржа — механички дел<br>— Печки за производство на сурово железо — високи печки, со волумен над 1.000 $m^3$<br>— Печки за магнетизирачко пржење на железна руда<br>— Ротациони печки за предредукција на руда со покривка дебела над 40 mm |
| 84.14/9 | Печки за производство на кокс |
| 84.14/11 | Други печки<br>Ex.<br>— Миксери за прием на течно сурово железо<br>— Печки за печење на палети |
| 84.17/21 | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Постројки за преработка на суров коксен гас<br>— Уреди за вулканизација на транспортни ленти, со широчина над 800 mm и надворешни гуми за дампери |
| 84.18/2б | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности<br>Ex.<br>Машини и уреди за филтрирање на отпадочни води на коксарници и железарници |
| 84.20/1а | Ваги за мерење и контрола во производството<br>Ex.<br>— Ваги за мерење и дозирање на засипи на ленти и конвеери<br>— Крански електронски регистрирни ваги за челичарници |
| 84.22/2 | Дигалки<br>Ex.<br>— Подвижни — мобилни дигалки со хидрауличен фаќач за зафаќање на старо железо во железарници, со носивост над 10 тони<br>— Дигалки за полнење — шаржирање на SM печки, електрични печки и конвертори |
| 84.22/6ѓ | Жичници<br>Ex.<br>Жичници автоматски за транспорт на железна руда и троска, со капацитет над 150 t/h |
| 84.22/6к | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар и сл.<br>Ex.<br>— Уреди за дозирање — додавачи, капацитет над 500 t/h материјал<br>— Уреди за дозирање — електромагнетни вибрациони додавачи<br>— Автоматски дозери за подготвување јаглен за коксирање<br>— Хидраулични и механички уреди за манипулација со електроди на електропечки<br>— Уреди за манипулација на жешка шаржа од ротациони до електроредукциони печки<br>— Уреди за стртување на казани со сурово железо, суров челик и ферολегури — заради чистење<br>— Одземачи и одлагачи на хомогенизирана руда<br>— Уреди за истоварување (кипување) на вагони<br>— Самоодни машини за отстранување на троска<br>— Самоодни машини за манипулација со инготи |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.22/7 | Делови на кранови<br>Ex.<br>— Мачки на кранови за полнење — шаржирање на електроредукциони печки, SM печки и конвертори<br>— Помошни уреди за кранови — автоматска клешта за манипулација на слабови<br>— Мачки на кранови со уреди за стрипување (стрипер дигалки)<br>— Мачки на кранови за вложување материјали во металуршки печки |
| 84.23/2 и 3 | Булдожери и багери<br>Ex.<br>— Булдожери за рудници на дневни копови<br>— Багери електрични, со зафатнина на лажицата над 2 $m^3$<br>— Багери дизел, електрични, со зафатнина на лажицата над 2 $m^3$<br>— Багери со ротирачки ведрици за дневни копови<br>— Телескопи багери со уред за разбивање на вадење на згура и на стара облога од металуршки печки |
| 84.23/4а | Машини за натовар<br>Ex.<br>— Јамски натоварувачи со лажица на шини и со гумени тркала<br>— Натоварувачи со лажица на гумени тркала или гасеници за рудници со површински копови |
| 84.23/4б | Самоодни скрепери<br>Ex.<br>Самоодни скрепери за дневни копови |
| 84.23/5 | Машини за длабински дупчења<br>Ex.<br>Јамски гарнитури за длабински дупчења |
| 84.23/4, 5 и 6 | Други машини<br>Ex.<br>— Машини режачки од удирен тип за откопување на железна руда во јами<br>— Дупчалки за лепезасто дупчење, со постамент<br>— Самоодни дупчалки за дупчење и изработка на ископи<br>— Вибро-дупчалки<br>— Уреди за полнење мински дупки со експлозив<br>— Дупчалки со пречник на дупчење над 100 mm<br>— Машини за набивање и контрола на подгради |
| 84.23/6б-2 | Скрепери, несамоодни<br>Ex.<br>Јажени скрепери за натовар на железна руда во јами |
| 84.43/1б-1 | Машини за континуирано леење<br>Ex.<br>Машини за континуирано леење на течен челик |
| 84.43/1б-3д | Лонци за леење, со механизам<br>Ex.<br>Лонци за леење, со механизам со капацитет над 15 тони |
| 84.43/1б-3е | Други машини за леење<br>Ex.<br>— Уреди за десилицирање и десулфуризирање на сурово железо пред хомогенизирање во миксери<br>— Уреди за симнување на троска од конвертори, SM печки, електроредукциони печки и сл.<br>— Уреди за воведување кислород и други гасови во течен метал<br>— Казани и лонци за сурово железо, суров челик и троска<br>— Уреди за изработка и сушење на чепни стапови<br>— Уреди за вакуумирање (вакуумско леење) на течен челик<br>— Конвертори |
| 84.45/5 | Машини за дупчење<br>Ex.<br>Специјални повеќевретенести хоризонтални дупчалки за дупчење плочи на кристализатори |
| 84.45/9б | Машини за острење<br>Ex.<br>— Специјални острилки за острење на круни на дупчалки со пречник на дупчење над 100 mm<br>— Специјални острилки за острење ножеви со должина над 2 m |
| 84.45/13 | Машини за сечење<br>Ex.<br>Машински ножици за сечење отпадоци од метал во подготвувањето на вложки за производство на суров челик |
| 84.50/2 | Апарати за гасно сечење<br>Ex.<br>Уреди за автоматско режење на слабови и инготи |
| 84.56/1, 2, 3 и 4 | Машини за сортирање, просејување, сепарација, перење, филтрирање, брикетирање, кршење и сл.<br>Ex.<br>— Уреди за флотација (збогатување) на железни руди со киселоотпорна и абразивна облога<br>— Уреди за перење на железна руда<br>— Уреди за брикетирање материјали за шаржа (засип)<br>— Уреди за мострирање на руди и концентрати<br>— Уреди за тешко-течлива сепарација на железна руда — механички дел<br>— Уреди за перење и класирање на железни руди — механички дел<br>— Дробилки за дробење на железна руда и кокс, со капацитет над 150 t/h — механички дел<br>— Дробилки за дробење на металуршки варовник и металуршки вар, со капацитет над 150 t/h механички дел<br>— Мелници со кугли, валјаци, прачки и чекани за мелење минерални суровини (железни руди, огноотпорен материјал, металуршки вар, јаглен за коксирање и др.) — механички дел |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Мешачи и пелетизатори за подготвување и правење на сурови пелети — механични дел<br>— Суви и влажни магнетни сепаратори<br>— Уреди за торкретирање на јамски простории<br>— Уреди за поправка — торкретирање на огноотпорна облога на металуршки печки |
| 84.59/7 и 8 | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за пресување (хидраулични преси) на челични отпадоци како влошка за производство на суров челик<br>— Уреди за регенерација на сулфурна и солна киселина во лужилници на метали<br>— Уреди за неутрализација на отпадочни води во процесот на лужење на метали |
| 85.02/5 | Електромагнетски глави за дигање |
| 85.02/6 | Други електромагнети<br>Ex.<br>Магнетни глави за магнетни сепаратори |
| 85.11/1а и 1б | Индустриски електрични печки<br>Ex.<br>Електрични печки за производство на челик со капацитет над 25 тони |
| 85.12/6 | Електрични грејни отпорници<br>Ex.<br>Специјални грејачи за сериско загревање на мотори на тешка механизација на дневните копови |
| 85.22/2а | Електрични апарати за палење мини во рударството<br>Ex.<br>Електрични апарати за палење мини во рударството со над 40 места за палење |
| 85.23/1 | Изолирани електрични кабли<br>Ex.<br>Кабли за пренос на сила од специјална изработка за високи температури во топилници, челичарници и при други металуршки печки |
| 86.02/1, 3 и 4 | Електрични локомотиви со напојување од еден систем<br>Ex.<br>— Јамски електрични локомотиви тешки над 7 тони<br>— Електрични локомотиви специјално изработени за потребите на коксарници — манипулација на зажарен кокс |
| 86.04/5 | Моторни товарни вагони<br>Ex.<br>— Самоодни вагони на електричен погон за пренос на казани со суров челик, железо и троска<br>— Специјални самоодни вагони за ремонт на конвертори |
| 86.07/1s и 3 | Железнички вагони за превоз на стоки — други<br>— Вагони специјално изработени за прифаќање на зажарен кокс<br>— Вагони со казани за превоз на суровo железо, челик и троска во течна состојба |
| 87.02/3в-7 | Камиони-влекачи<br>Ex.<br>Камиони-влекачи за влечење специјални приколки за превоз на тешки рударски машини |
| 87.02/3в-1 до 3 | Кипери и дампери со носивост над 15 тони<br>Ex.<br>Кипери и дампери за пренос на материјали на руда во јами и на дневни копови |
| 87.14/2б | Приколки за превоз на товари<br>Ex.<br>Приколки за превоз на тешки рударски машини |
| 90.18/7 и 8 | Апарати за оксигенотерапија и вештачко дишење |
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок итн.<br>Ex.<br>— Мерни и регулациони инструменти и апарати на ротациони печки, електроредукциони и електролачни печки и конвертори<br>— Мерни и регулациони инструменти и апарати за флуиди |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи<br>Ex.<br>— Апарати за хемиска квантитативна анализа на суров челик<br>— Апарати за определување гасови и други елементи во челикот |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на производството во коксарници<br>— Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на производството на суровo железо во високи печки<br>— Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на работата на ротациони и на електроредукциони печки и конвертори<br>— Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на работата на SM и електро печки |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи во рудниците на железна руда, во подготовката на железна руда и во производството на кокс, железо и челик („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73, 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 853
9 ноември 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**946.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА БАКАР И ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА КАТОДЕН БАКАР

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во рудниците на бакар и во производството на катоден бакар, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.18/2а | Рабни цевки<br>Ex.<br>Специјални рабни цевки за транспорт на топилнички гасови и прав во топилници |
| 73.20/3 | Друг прибор за цевки<br>Ex.<br>Дилатациони компензатори изработени од кисело-отпорен материјал за гасоводи со пречник од 1.000 mm и повеќе |
| 82.05/1ж-1 | Изменлив рударски алат од прости метали или метални карбиди за дупчење и сондажа<br>Ex.<br>Бургии од високоспецијални челици со влошка од тврди метали, со должина од 0,80 до 4 m, со пречник на главата од 36 до 42 mm |
| 84.02/1б | Помошни уреди за котли<br>Ex.<br>Утилизатори за ладење гасови на пламени печки и конвертори |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>— Клипно аксијални пумпи за ротационо-ударни дупчалки, со пречник на дупчење од над 3"<br>— Клипно аксијални пумпи за спрегнување со дизел-мотори од 60 KS |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>— Центрифугални пумпи за одвод на вода од јами во рудници<br>— Центрифугални пумпи во уреди за флотација на руда отпорни на абразија и корозија<br>— Центрифугални пумпи со хидродинамичко затинање на вратила, за транспорт на електролити во електролиза<br>— Центрифугални пумпи за ладење мотори на кипери — дампери со носивост над 45 тони |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони — (крилни) пумпи за ротационо-ударни дупчалки, со пречник на дупчење од над 3" |
| 84.11/1а-2 | Вакуум-пумпи<br>Ex.<br>Вакуум пумпи за филтери во уреди за флотација на руда |
| 84.11/1б-2 | Компресори, стабилни<br>Ex.<br>Стационирани компресори со капацитет над 10.000 $Nm^3/h$ воздух |
| 84.11/4а | Вентилатори<br>Ex.<br>— Вентилатори со низок притисок за проветрување јами во рудници<br>— Вентилатори специјално приспособени кон условите за работа во топилници<br>— Специјални вентилатори наменети исклучиво за ладење на погонски и влечни електромотори на:<br>1) електрични багери, со волумен на лажицата од над 5 $m^3$<br>2) ротациони дупчалки, со пречник на дупчење од над 5.5"<br>3) кипери-дампери, со носивост од над 45 тони |
| 84.14/6 | Печки за топење на метал и легура од метал |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>Полиблок-изменувачи на топлина од импрегниран графит за загревање на електролити во електролиза |
| 84.18/2 | Машини и уреди за филтрирање или за пречистување на течности и гасови<br>Ex.<br>— Одвојувочи на прав, со капацитет од над 400 $m^3$ во минута<br>— Уреди за филтрирање на концентрати на руда<br>— Електрофилтери за издвојување на честички на метали од гасови на топилници |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.20/1а | Ваги за мерење и контрола во производството<br>Ex.<br>Ваги за мерење на тежината и регулирање на брзината на протекот на материјали за транспортери, со ленти што имаат носивост над 100 тони материјали на час или широчина на лентата од 100 mm и повеќе |
| 84.22/2а-2 | Дигалки мосни над 50 до 500 тони носивост<br>Ex.<br>Кранови за манипулација со печки и конвентори во топилници |
| 84.22/4б | Скип-уреди<br>Ex.<br>Скип-уреди за извлекување руди од јами |
| 84.22/6б | Транспортери со гумена или со челична лента врз база на движење на лентата, со сопствен погон<br>Ex.<br>— Транспортери со лента. со носивост над 100 тони материјали на час<br>— Транспортери со лента со широчина на лентата од 1.000 mm и повеќе |
| 84.22/6г | Специјални јамски платформи наменети за дигање и спуштање на рудари при дупчења во јама |
| 84.22/6к | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар<br>Ex.<br>Натоварувачи јамски на електричен, дизел и пневматски погон<br>— Хидраулични уреди за подигање на тапанести мелници за мелење руда<br>— Обртни вагонски кипери<br>— Полупортални гребачи —додавачи (риклајмери)<br>— Натоварувачи на тркала со мотор над 250 KS<br>— Натоварувачи на гасеници за работа на високи температури од над 500 степени C<br>— Специјални уреди за симнување и поставување облоги во мелници за мелење на руда<br>— Машини и уреди за транспортирање во ров<br>— Уреди за транспорт на бакарен прав од електрофилтери, утилизатори и гасоводи до топилнички печки |
| 84.23/2 | Булдожери<br>Ex.<br>— Булдожери со мотор од над 270 KS<br>— Булдожери на гасеници, со мотор од над 250 KS<br>— Булдожери на тркала, со мотор од над 250 KS |
| 84.23/3 | Багери лажичари и други багери самодни<br>Ex.<br>— Багери електрични со зафатнина на лежицата над 6 m³<br>— Електрични багери, со зафатнина на лажицата над 5 m³<br>— Телескопски багери за чистење конвертори, анодни и пламени печки |
| 84.23/4 | Други машини, самодни<br>Ex.<br>— „Турно-трактори“ со мотор над 250 KS<br>— Машини за откоп во рударството<br>— Гредери со мотор над 250 KS |
| 84.23/4, 5 | Машини за дупчење, стабилни и подвижни<br>Ex.<br>— Машини за длабински рударски истражувачки дупчења<br>— Ротациони ударни дупчалки, со пречник на дупчење од над 3"<br>— Ротациони дупчалки, со пречник на дупчење над 5,5"<br>— Јамска дупчачка кола со една и повеќе гранки, со дизел погон и со дупчачки чекани |
| 84.43/1 | Конвертори, лонци за леење и др.<br>Ex.<br>— Конвертори за преработка на бакренец<br>— Карусел — машини за леење на аноди од бакар |
| 84.49/1 | Алати за рачна употреба со пневматски погон<br>Ex.<br>Високопродуктивни дупчачки чекани за дупчење на мински дупки во јама, со можност за дупчење над 8 m во длабочина |
| 84.56/1 | Машини за сортирање и сепарација<br>Ex.<br>— Уреди за флотирање на руда<br>— Уреди за хидраулично сортирање на руда — хидроциклони<br>— Машини за флотациска концентрација — кондиционери<br>— Уреди за одвојување на концентрати на руда од флотациската течност — згуснувачи |
| 84.56/2 | Машини за кршење или мелење<br>Ex.<br>— Дробилни постројки за руда, со капацитет над 400 тони на час<br>— Дробилични постројки за секундарно дробење на руда, со капацитет над 40 тони руда на час<br>— Дробилки за дробење на конверторска шлака<br>— Тапанести мелници за мелење руда, со маса за уфрлање на прачки и кугли во мелниците |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за изработка на појдовни листови за катода<br>— Машини за перење на катоди од бакар |
| 84.63/3 | Склопови на запчести тркала и други склопови за менување на брзината<br>Ex.<br>— Хидраулични менувачи за кипери-дампери со носивост над 45 тони<br>— Редуктори и мултипликатори за електромотори од над 300 KS |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 85.01/1, 2 и 3 | Други генератори и мотори<br>Ex.<br>— Генератори на електрична струја изработени за специјални — вонстандардни напони, за:<br>1) кипери-дампери со носивост над 45 тони<br>2) натоварувачи на тркала со мотор над 250 KS<br>— Електромотори изработени за специјални-вонстандардни напони за:<br>1) кипери-дампери со носивост над 45 тони<br>2) Натоварувачи на тркала, со мотор над 250 KS |
| 85.01/7 и 8 | Трансформатори со над 1.000 kg по парче<br>Ex.<br>Трансформатори за јамска разводна мрежа во рудници |
| 85.01/9 | Исправачи и исправачки апарати<br>Ex.<br>Силициумски исправачи над 10.000 ампери |
| 85.15/1, 2, 3, 6, 7, 8 и 9 | Радио и ТВ приемници и предаватели<br>Ex.<br>— Уреди за водење, следење и контрола на процесот на производството по телевизиски пат<br>— Радиосистеми со селективно повикување и идентификација на повикување за командно-информационен систем |
| 85.19/1е | Командни и разводни табли за производство на метали<br>Ex.<br>— Командни и разводни уреди за управување со топилнички печки и конвертори<br>— Командни табли за електрични багери со волумен на лажицата над 5 m³<br>— Командни табли за кипери-дампери со носивост над 45 тони |
| 85.19/1з | Други електрични апарати<br>Ex.<br>Јамски електроразводни постројки |
| 86.02/2 и 4 | Акумулаторски електрични локомотиви<br>Ex.<br>Локомотиви за јамски транспорт на руда |
| 86.02/1, 3 и 4 | Електрични локомотиви со напојување од еден систем<br>Ex.<br>Локомотиви за јамски транспорт на руда |
| 86.07/1s и 2 | Отворени железнички вагони за превоз на стоки<br>Ex.<br>Специјално конструирани јамски вагони што се вовлекуваат и извлекуваат еден од друг, со вградени транспортери на подот заради натовар односно истовар на руда. |
| 87.02/3в | Кипери<br>Ex.<br>Кипери над 45 тони носивост |
| 87.03/13 | Други моторни возила за специјални цели<br>Ex.<br>— Специјални возила со хидраулична платформа, со можност за дигање на височина од над 15 m<br>— Специјални возила со уреди за автоматска подготовка и пневматско-хидраулично полнење на мински дупки со експлозив |
| 87.07/2 | Делови на возила со механички погон<br>Ex.<br>Фаќалки за симнување и наместување на тркала на кипери-дампери со носивост над 45 тони |
| 90.16/1б-4 | Мерни и контролни инструменти, машини и апарати<br>Ex.<br>— Пробни маси за мотори со внатрешно согорување на кипери-дампери, со носивост над 45 тони<br>— Пробни маси за систем на уфрлање на гориво во мотори со внатрешно согорување на кипери-дампери, со носивост над 45 тони<br>— Пробни маси за испитување на регулатори на бројот на обртите на дизел мотори на кипер-дампери со носивост над 45 тони |
| 90.20/2, 3 и 4 | Рендгенски контролни табли и екрани<br>Ex.<br>Уреди за управување и контрола на процесот на флотирање на руда — „IKSREI" |
| 90.24/1, 3, 4 и 5 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и др.<br>Ex.<br>— Мерни и регулациони инструменти и апарати на топилнички печки и конвертори<br>— Мерни регулациони инструменти и апарати во топилнички, флотациски и јамски постројки и во тешка механизација на површински копови која е опфатена со ова решение |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Уреди за мерење, проверување, анализа на автоматска контрола и регулација во топилнички, флотациски постројки<br>— Електрични и електронски инструменти и апарати специјално наменети за кипери-дампери, со носивост над 45 тони<br>— Апарати за испитување на електричната инсталација на кипери, дампери, со носивост над 45 тони |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема

што се користи во рудниците на бакар и во производството на катоден бакар („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73, 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 854
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**947.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА БОКСИТ И ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА АНОДИ ЗА ЕЛЕКТРОЛИЗА НА АЛУМИНИУМ, НА ГЛИНИЦА И НА АЛУМИНИУМ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во рудниците на боксит и во производството на аноди за електролиза на алуминиумот, на глиница и на алуминиум, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.22/1а | Цистерни, резервоари и сл. со внатрешна облога или со топлинска изолација<br>Ex.<br>Резервоари со внатрешна облога отпорна на минерални киселини, со содржина над 60 $m^3$ |
| 84.01/1б | Котли<br>Ex.<br>Котли за производство на пара со капацитет од 80 t/h и повеќе, со притисок од 100 atm и повеќе, во процесот на расчистувањето на бокситот и запарување на лужината во процесот на производството на глиница |
| 84.05/1б | Индустриски турбински парни машини<br>Ex.<br>Противпритисочни парни турбини, со сила од 12 и повеќе MW |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>— Мембрански пумпи со наизменично движење, за расчинување на боксит<br>— Клипни пумпи од антиабразивен и антикорозивен материјал за транспорт на суспензија на боксит и лужина, со капацитет кој варира од 70 до 180 $m^3$/h, притисок од 45 atm |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>— Специјални артерски пумпи со капацитет од 150 $m^3$/h и повеќе за доставување на мазут од резервоари<br>— Специјални центрифугални пумпи за лужина и отпадочни води во производството на глиница и на алуминиум |
| 84.11/1а-2 | Вакуум пумпи<br>Ex.<br>Вакуум-пумпи за бела филтрација во производството на глиница |
| 84.11/1б | Компресори<br>Ex.<br>— Компресори со притисок од над 40 atm за автоклави при расчинување на боксит<br>— Специјални ротациони пумпи за лужина и мазут во технологијата на глиница<br>— Стабилни компресори со капацитет од 40 $Nm^3$ во минута и повеќе<br>— Подвижни компресори со капацитет од над 20 $Nm^3$ во минута |
| 84.11/4а | Вентилатори<br>Ex.<br>— Вентилатори за одвод на димни гасови изработени од материјал отпорен на хлор и флуор<br>— Вентилатори јамско-шахтни со депресија над 100 mm воден столб, со капацитет од 40 $m^3$ воздух во минута и повеќе<br>— Вентилатори за отстранување на воздухот загаден со смолни пари, изработени од материјал отпорен на фенол, со уреди за топење на напластен фенол од куќиштата и лопатките на вентилаторите<br>— Вентилатори од антиабразивен материјал за отпрашување на боксит и глиница |
| 84.11/4б | Дувалки<br>Ex.<br>— Дувалки за бела филтрација на глиница, со капацитет над 80 $m^3$/h<br>— Дувалки за цевки на пневматски конвеери за глиница<br>— Дувалки за филтери и печки за калцинација на глиница |
| 84.12/1 и 2 | Уреди за климатизација, автоматски над 300 $m^3$<br>Ex.<br>Уреди за климатизација на простории со вградена мерна, регулациона и ко- |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | мандна опрема, со капацитет од 3.000 $m^3/h$ и повеќе |
| 84.13/1 и 3 | Горилници за ложишта и уреди за ложење за течно гориво<br>Ex.<br>— Горилници за печки со течни горива, за ротациони печки при калцинација на глиница<br>— Горилници за течни горива во постројки за изработка на сурови аноди и во постројки за залевање на катоди во производството на алуминиум<br>— Горилници за течни горива за коморни печки за печење на аноди, со припаѓачката арматура<br>— Грејачи на уреди за загревање на катоди<br>— Горилници за загревање на катодни блокови заради нивно залевање |
| 84.14/1 | Печки за термичка обработка на метали, обични<br>Ex.<br>Печки за термичка обработка (хомогенизација) на алуминиум |
| 84.14/6 | Печки за топење на метали<br>Ex.<br>— Индустриски печки на мазут, за подготвување на алуминиум за леење<br>— Индустриски печки на мазут, за топење на железо за залевање на катоди (врзување на катодни водичи за катодните блокови) |
| 84.14/5 и 11 | Други индустриски печки, неелектрични<br>Ex.<br>— Ротациони печки за калцинација на глиница<br>— Вертикални печки за континуирано печење на вар, на мазут, со постојано одржување на јаглен-диоксид од 3% до 6% со капацитет од 80 тони на ден |
| 84.17/2к | Машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Уреди за впарување за лужината во процесот на производството на глиница<br>— Сушилници за петрол-кокс во постојките за изработка на сурови аноди за производство на алуминиум<br>— Уреди за разладување глиница во текот на транспортот<br>— Плочести изменувачи на топлината за бела филтрација на глиница<br>— Автоклави со грејачи, мешалки и сад на сигурноста, за расчинување на боксит<br>— Експандери и експанзиони садови, за експандирање на лужната пара и кондензација во расчинувањето на бокситот<br>— Цевни изменувачи на топлината, отпорни на лужина |
| 84.22/6к | Други машини и уреди за дигање, манипулација, натовар или истовар и сл.<br>Ex.<br>— Јамски товарачи на руда<br>— Товарачи на руда на површински копови, со зафатнина на лажицата од 2,50 m³ и повеќе<br>— Вибрациони полжавести транспортери за транспорт на прашести материјали<br>— Вибрациони додавачи за кварцен песок<br>— Јамски товарачи за растресити материјали, зафатнина на лажицата над 1,7 m³ и со погон на компримиран воздух<br>— Автоматски земачи на мостри заради контрола на гранулометрискиот и хемискиот состав на кварцен песок при производство и облагородување на кварцен песок<br>— Полжавести транспортери за транспорт на кристална сол во заситена солена вода со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик<br>— Полжавести транспортери за транспорт на сол со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик<br>— Уреди за дозирање — електромагнетни вибрациони додавачи за корунд, со прецизна регулација на капацитетот за додавање, од 50 kg/h до 2.000 kg/h<br>— Хидраулични уреди за автоматска палетизација на корунд спакуван во вреќи<br>— Грабала со сопствен електрохидрауличен погон од огноотпорен челик за полнење и разбивање на шаржа од печка за карборундум<br>— Уреди за автоматско прифаќање и транспорт на отпресувани керамички производи синхронизирани со работата на преса |
| 84.23/2а | Булдожери<br>Ex.<br>Булдожери со мотор над 200 KS |
| 84.23/4 | Други машини, самоодни<br>Ex.<br>— Товарачи со тркала, со сила на моторот до 75 KS<br>— Јамски механички товарни лопати на пневматски погон<br>— Товарачи на сурова сол со гумени тркала и со натоварна и истоварна лажица, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| 84.23/3 | Машини за дупчење<br>Ex.<br>— Јамски гарнитури за длабински дупчења до 50 m<br>— Универзални дупчалки за истовремено ротационо и перкусионо длабинско дупчење при геолошко-истражувачки работи на површина, со длабина на дупчење од 20 до 250 m и со пречник на дупчење од 80 до 120 mm |
| 84.23/4 и 6 | Машини за откоп во рударството |
| 84.23/4, 5 и 6 | Машини за дупчење<br>Ex.<br>— Дупчалки за лепезесто дупчење, со постамент<br>— Уреди за дупчење мински дупки на површински копови<br>— Јамски универзални самоодни ровокопачи — товарачи<br>— Јамски гарнитури за дупчење на пневматичен погон<br>— Јамски гарнитури за дупчење на електричен погон во „S" изработка<br>— Самоодни дупчалки за истовремено ротационо и перкусионо дупчење, со пречник на дупчењето над 50 mm, за дупчење мински дупки при изработка на јамски простории во експлоатацијата на кварцен песок и песочник<br>— Специјални подвижни разбивачи на корунд, со вибрации |
| 84.45/9б | Машини за острење<br>Ex.<br>Острила за острење на кристални длета за дупчалки, со пречник на дупчење над 50 mm |
| 84.49/1а-2 | Алати за рачна употреба со пневматски погон<br>Ex.<br>— Пили за режење на јамска граѓа на пневматски погон |
| 84.56/1, 2, 3 и 4 | Машини за сортирање, просевање, сепарација, дробење, мелење и др.<br>Ex.<br>— Уреди за хидраулично сепарирање — гранулирање на кварцен песок<br>— Магнетни сепаратори за издвојување на железо од баритна руда<br>— Уреди за електромагнетско сепарирање на кварцен песок заради издвојување на метални честици |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Воздушни класификатори за класификација на корунд, максимална големина на честиците до 300 микрони |
| | — Уреди за флотирање на баритно-доломитна руда (механичко-пневматски ќелии) во сулфитно-баритна флотација |
| | — Уреди за отстранување на честици железо од керамичка суспензија |
| | — Челусни дробилки за дробење на тврди материјали (варовник, доломит и сл.), капацитет на дробење 2,5 t на час |
| | — Мелници со чекани за финално мелење на тврди материјали (шамот, доломит и сл.), капацитет на мелењето 3 t на час |
| | — Уреди за иситнување (гмечење) на сурова глина |
| | — Уреди за иситнување и сушење на глина (дезинтегратори) |
| | — Специјални конусни дробилки — калибратори за дробење на корунд со можност за регулација на зазорот |
| | — Мелници со валјаци за корунд со уред за аксијално поместување на еден валјак |
| | — Вибрациони мелници за заоблување на корундни зрна |
| | — Повеќеетажни сита (систем Totex) за просевање на корундни зрна |
| | — Дробилки за иситнување на синтерирани и топени огноотпорни материјали, со комбинирано движење на челуста |
| | — Мелници за мелење на синтерирани и топени огноотпорни материјали со манганска облога |
| | — Мешалки за хомогенизација на зрнести и прашести огноотпорни материјали |
| | — Електромагнетни сепаратори за издвојување на серпентин од зрнести и прашести огноотпорни материјали |
| | — Пневматски сепаратори за сепарирање на прашести огноотпорни материјали |
| | — Дробилки за дробење на руда, капацитет на дробењето од 60 и повеќе t руда на час |
| | — Уреди за просевање на руда со вибрациона постапка |
| | — Уреди за концентрација на руда на магнезит — концентратори |
| | — Уреди за подготвување на суспензија (мешаница на вода и феросилициум) за одвојување на руда на магнезит од јаловина |
| | — Вертикални ротациони дробилки за дробење руда, капацитет над 30 t на час |
| | — Магнетни сепаратори за регенерација на суспензија |
| | — Уреди за разбивање и гмечење на грутки од глина |
| | — Мелници од порцелан обложени со гума, за мелење на пигменти |
| | — Уреди за просевање на абразивни зрна |
| | — Мелници за мелење на барит, финост на мливото од 63 до 10 микрони |
| | — Мелници за мокро мелење на барит, под 10 микрони |
| | — Уреди за просевање на кварцен песок (лачни и ротациони сита), изработени од специјален материјал отпорен на абразија од кварцен песок |
| | — Едноваљачни назабени дробилки за примарно дробење на камена сол |
| | — Ударно ротациони дробилки за секундарно дробење на камена сол |
| | — Назабени валјачни мелници за фино мелење на камена сол |
| | — Мешалки за мешање на смеса за инјектирање во рудници на сол |
| | — Конусни дробилки за дробење на руда |
| | — Ротациони сита за просевање и за сортирање на азбестни влакна |
| | — Центрифугални сепаратори за издвојување на азбестни влакна од прав — јаловина |
| | — Топчести мелници за влажно мелење на керамичка маса за изработка на порцелански садови |
| | — Уреди за сепарирање — гранулирање на кварцен песок, од 1 до 80 микрони |
| | — Дробилки краткоконусни |
| | — Мелници за мелење на руда на барит и доломит, со влез од 12 mm до 150 микрони |
| | — Индуктивни валјачни сепаратори со јако магнетно поле за издвојување честици железо од мелен корунд |
| | — Електромагнетни барабанести сепаратори, со јако магнетно поле за издвојување честици железо од мелен корунд |
| | — Мелници со назабени валјаци за грубо мелење на сурова сол, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Ротациони цилиндрични уреди — сита за одвојување на сурова сол од механички нечистотии со полжавест додавач, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Мелници со чекани за раздвојување на грутки кристали сол, со мокра постапка, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Уреди за хидромеханичко перење на сол и за одвојување на сол од механички нечистотии врз база на специфичната тежина, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Уреди за одвојување на сол од вода по хидродинамички пат, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Уреди за издвојување на ситни честици сол од топол воздух на сушилница, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Вибрациони хоризонтални уреди — сита за просевање на сол, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Мелници со два пара валјаци за фино мелење на пречистена сол, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик |
| | — Уреди за мешање на сол и за додавање на средства против згрутчување на сол |
| | — Машини за пресување на керамички материјал во производството на вештачки брусеви, со автоматско дозирање и дистрибуција на смеса во модели, со пресување и исфрлање на отпресоци од модели, капацитет 250 kg/h |
| | — Противструен интензивен мешач на глиненографитна сува смеса со турбулентно вртење, автоматско полнење и празнење, зафатнина од 500 l, капацитет над 1500 kg/h |
| | — Аерациони мешалки за хомогенизација на шаржи за производство на стакло |
| 84.57/2 | Машини за изработка на друго стакло<br>Ex.<br>Дизни за истиснување на стаклено влакно |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за дозирање на сол за сушилници, со работни површини изработени од не'рѓосувачки челик<br>— Уреди за развлакнување на азбестни влакна<br>— Специјални уреди за пластификација (обложување) на кварцен песок со вештачки смоли |
| 84.61/1 | Автоматски славини, вентили и сл.<br>Ex.<br>— Вентили за автоматска регулација на протокот на кварцен песок, отпорни на абразивни материи<br>— Специјални вентили за регулација на протокот на пулпа (суспензија на барит и доломит) |
| 84.61/2 | Други славини, вентили и слични уреди<br>Ex.<br>Специјални вентили за регулирање на протокот на суспензија, отпорни на абразивни материи |
| 84.63/1 и 2 | Трансмисиони оски, лактовидни лостови, кутии за лежишта и др.<br>Ex.<br>— Други оски, заштитни кутии, запчаници и др. за машини (локомотиви, булдожери и др.) што се опфатени со ова решение<br>— Оски за пренос на сила за машини (локомотиви, булдожери и др.) што се опфатени со ова решение |
| 84.63/3 | Склопови на запчаници и други склопови за менување брзина<br>Ex.<br>Склопови за менување брзина за машини (локомотиви, булдожери и др.) што се опфатени со ова решение |
| 84.64 | Дихтунзи и слични спојници и др.<br>Ex.<br>Дихтунзи и др. за мотори со внатрешно согорување и за менувачи на машини (локомотиви, булдожери и др.) што се опфатени со ова решение |
| 85.02/1 | Електромагнети<br>Ex.<br>Уреди за отстранување на железо од сомелен кварц |
| 85.08/1 | Стартери за мотори и динама<br>Ex.<br>Стартери и динама за дизел-мотори на машини (локомотиви, булдожери и др.) што се опфатени со ова решение |
| 85.11/1 | Индукциони индустриски печки и рерни<br>Ex.<br>Високофреквентни опитни индукциони печки за проверка на добивањето на корунд со топење на соодветна шаржа |
| 85.19/1з | Разводни и командни табли<br>Ex.<br>— Командни табли со разводни уреди и релеи за управување со процесот на сепарацијата на руда<br>Забелешка: Пониската царинска стапка ќе се примени само кога командните табли и разводните уреди со релеите се увезуваат во рамките на испорака на комплетна опрема за сепарација на руда, без оглед на тоа дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со комплетната опрема за сепарација на руда или одвоено<br>— Командни и разводни уреди за управување со извозни машини за извоз на руда и луѓе од јама<br>Забелешка: Пониската царинска стапка ќе се применува само ако командните, контролните и разводните уреди се увезуваат во рамките на испорака на комплетна извозна машина за извоз на руда и луѓе од јама, без оглед на тоа дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со тие извозни машини или посебно<br>— Командни табли за управување, регистрирање и контрола на процесот на контролираното излужување на сол од лежишта на сол<br>— Команден пулт со уреди за раздвижување и прекинување на работата на одделни уреди, рачно и автоматски, со синоптичка табла за управување со процесот на работата во производството на сол<br>— Командни табли со разводни уреди и релеи за управување со процесот на мелењето и подготовката<br>— Командни табли со разводни уреди и релеи за управување со процесот на сушењето на керамичка суспензија и подготовката на гранулат |
| 85.22/2б | Други електрични стоки и апарати<br>Ex.<br>Уреди за демагнетизација на феросилициум од суспензија |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 86.02/2 | Акумулаторски електрични локомотиви<br>Ex.<br>Локомотиви за јамски транспорт на руда |
| 86.03/3а | Дизел механички локомотиви<br>Ex.<br>Јамски дизел механички локомотиви во „S“ изработка |
| 87.02/3в | Дампери и кипери со носивост над 10 t<br>Ex.<br>Дампери и кипери со носивост над 12 t:<br>1) над 20 тони носивост<br>2) над 12 до 20 тони носивост |
| 87.03/13 | Други моторни возила за специјални цели<br>Ex.<br>Специјални возила со млазни пумпи за уривање на налепка од ротациони печки |
| 90.12/1 | Оптички микроскопи за големи зголемувања, за индустриската микроскопија<br>Ex.<br>— Минералошко-петрографски микроскопи<br>— Специјални микроскопи со уред за жарење на корунд заради следење на процесот на кристализацијата |
| 90.18/1а, 3 и 7 | Апарати за оксигенотерапија и дишење и др.<br>Ex.<br>— Апарати за оксигенотерапија и вештачко дишење<br>— Изолациони апарати за спасување<br>— Апарати за заштита при работата — аспиратори за солен прав |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи<br>Ex.<br>— Инструменти за контрола на јамски гасови<br>— Апарати за утврдување на ширењето, вискозитетот, тврдоста и порозноста кај стаклена маса и фрита<br>— Апарати за утврдување на ширењето, вискозитетот, тврдоста и порозноста кај керамички маси |
| 90.26/2б | Други справи за мерење на потрошувачката или производството на течности<br>Ex.<br>Автоматски справи за мерење на протокот на вода во мелници за мокро мелење |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Спектографи за брзи хемиски анализи<br>— Уреди за контрола на гранулометрискиот состав во производството на кварцен песок<br>— Апарати и уреди во подготовка и во топење на стакларска смеша и фрита<br>— Апарати и уреди во подготовка и во производството на керамичка маса<br>— Детектори за откривање на метали во руда<br>— Електронски автоматски регулатори во рудници на неметали во процесот на облагородувањето на неметални суровини. |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема за рудниците и за облагородување на неметали („Службен лист на СФРЈ“, бр. 7/74, 39/74, 28/75, 61/75, 30/76, 3/77, 14/77, 29/77, 32/77, 25/78, 33/78 и 37/78).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 859
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**952.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДАРСКИТЕ И ГЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во рударските и геолошките истражувања, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/4в | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони полжавести пумпи за брзгање цементен малтер, гранулат 10 до 12 mm, во дупнатини |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.10/2г | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Пумпи за исплакнување дупнатини со капацитет над 600 литри во минута и со притисок над 60 атмосфери |
| 84.22/6к | Машини за натовар — друго<br>Ex.<br>Јамски механички лопати за натовар на руда во окна, на електричен погон или пневматски погон |
| 84.23/1а | Машини за побивање шипови (макари) |
| 84.23/3 | Други<br>Ex.<br>Специјални багери за изработка на бетонски дијафрагми, со мотор над 180 KS |
| 84.23/4е | Други машини за дупчење<br>Ex.<br>— Самоодни пневматски дупчалки за длабински дупчења (од типот на гасеничар)<br>— Специјални уреди за дупчење дупнатини низ поставени цевки-фаќалки за копање |
| 84.23/5а | Машини за дупчење<br>Ex.<br>Машини за длабински дупчења со можност за дупчење дупнатини со пречник над 400 mm |
| 90.12/2 | Други оптички микроскопи<br>Ex.<br>Поларизациони микроскопи за испитување структура на минерали |
| 90.13/3 | Апарати за производство на инфрацрвени и инфравиолетови зраци |
| 90.14/1 | Инструменти за поморска, речна и воздушна пловидба<br>Ex.<br>Навигациони инструменти за поморска пловидба, за бродови за геофизички истражувања |
| 90.14/2 | Геодетски и топографски инструменти и апарати за премерување и нивелирање<br>Ex.<br>— Теодолити со автоматско нивелирање<br>— Автоматски нивелири<br>— Геодетски компаси со диоптрија за брзо премерување |
| 90.14/2 | Други инструменти и апарати за премерување<br>Ex.<br>Инструменти и апарати за геофизички и геомеханички истражувања и испитувања |
| 90.23/2 | Други инструменти<br>Ex.<br>Барометарски висинометри |
| 90.24/2в | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок или други променливости на течности или гасови или за автоматска контрола на температурата<br>Ex.<br>— Апарати за мерење ниво и проток на течности во дупнатини<br>— Саморегистрирачки манометри за мерење притисок при инјектирање |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи<br>Ex.<br>Детектори за откривање жива |
| 90.28/1, 3 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Инструменти за геомеханички испитувања на почва<br>— Навигациони инструменти за поморска пловидба, за бродови за геофизички истражувања<br>— Електронски далномери<br>— Електронски инструменти за геофизички истражувања |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи во рударските и геолошките истражувања („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 860
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**953.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СУЛФУРНА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за производство на сулфурна киселина, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.02/1б | Помошни уреди за котли<br>Ех.<br>Утилизатори за ладење гасови на флуидизациони печки за согорување на пирит |
| 84.05/1б | Парни машини турбински<br>Ех.<br>Парни индустриски турбини од 200 до 4.200 kW на противпритисок од 40 на 6 бара |
| 84.10/3б | Центрифугални пумпи<br>Ех.<br>Центрифугални пумпи за транспорт на разблажена сулфуреста и сулфурна киселина, со специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.10/4в | Ротациони пумпи<br>Ех.<br>Пумпи за транспорт на течен сулфур |
| 84.11/4а-2 | Вентилатори<br>Ех.<br>Вентилатори за извлекување на сулфур диоксид од кули за перење и сушење на сулфур диоксид |
| 84.11/4б | Дувалки<br>Ех.<br>— Турбодувалки за сулфур диоксид со капацитет од 75.000 $Nm^3/h$ и повеќе<br>— Дувалки за воздух со притисок од 2000 mm Hg и повеќе |
| 84.13/1а-3 | Горилници за ложишта во течно гориво<br>Ех.<br>— Горилници за флуидизациони печки за согорување на пирит, со капацитет на горилникот од 350 kg/h и повеќе |
| 84.14/5 | Индустриски печки<br>Ех.<br>Флуидизациони печки за согорување на пирит, цинк концентрат и други сулфиди на метали, без огноотпорен изолационен материјал, со капацитет до 750 t/ден |
| 84.17/2ж-2 | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ех.<br>Цевни изменувачи на топлина за разладување на сулфурна киселина, изработени од сив лив отпорен на дејството на разблажена и концентрирана сулфурна киселина |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ех.<br>Уреди — кули за загревање сулфур диоксид со помош на сулфур триоксид |
| 84.18/2а | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување<br>Ех<br>— Уреди — кули за пречистување сулфур диоксид<br>— Електростатички филтери за филтрирање сулфур диоксид, со специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.20/1а-1 | Ваги за мерење и контрола во производството<br>Ех.<br>Електронски ваги за дозирање пирит за флуидизациони печки за согорување на пиритот |
| 84.22/6д | Оставачи и одземачи на руда<br>Ех.<br>Членести потискувачи на пиритна изгореница — редлери |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ех.<br>— Уреди за контактна карализа (конверзија) на сулфур диоксид во сулфур триоксид<br>— Апсорпциони кули за добивање сулфурна киселина<br>— Топчести уреди за разблажување на висококонцентрирана сулфурна киселина со вода — со мешање<br>— Мешалки за течен сулфур изработени од специјален материјал |
| 84.61/1 и 2 | Вентили<br>Ех.<br>— Киселоотпорни вентили, за процесот на призводство на сулфурна киселина:<br>1) автоматски<br>2) други |
| 85.19/1з | Командни и разводни табли<br>Ех.<br>Командни и разводни уреди за управување со уреди во производството на сулфурна киселина |
| 90.24/2в | Други инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др.<br>Ех.<br>Инструменти за мерење на проток, притисок, температура, густина и ниво на течности, неелектрични — пневматски |
| 90.28/1, 3 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ех.<br>Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на производството на сулфурна киселина |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема за производство на сулфурна киселина („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73, 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 861
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**954.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА РАЗБЛАЖЕНА (46%) АЗОТНА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на разблажена (46%) азотна киселина, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 71.14/3б | Други предмети од платина за катализатори<br>Ex.<br>Мрежи за спалување амонијак од легури на платина и родиум |
| 84.02/1б | Помошни уреди за котли<br>Ex.<br>— Утилизатори за ладење нитрозни гасови и за добивање водена пара, изработени од нисколегирани челици отпорни на температура од околу 650°С<br>— Економизери за утилизатори за ладење нитрозни гасови и добивање водена пара, изработени од нискојаглеродни високолегирани челици |
| 84.08/4 | Други машини и мотори<br>Ex.<br>Експанзиони турбини за отпадни нитрозни гасови |
| 84.10/3б | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифуглани пумпи за азотна киселина |
| 84.11/1б-2а | Компресори<br>Ex.<br>— Аксијални компресори за воздух, со капацитет од 37.500 Nml/h<br>— Радијални компресори за нитрозни гасови |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Апсорпциони кули за добивање азотна киселина<br>— Реактори за добивање азот-диоксид |
| 84.61/1 | Автоматски славини, вентили и сл.<br>Ex.<br>Автоматски вентили за азотна киселина |
| 84.61/2 | Други славини, вентили и сл.<br>Ex.<br>Други вентили за азотна киселина |
| 84.64 | Затворачи и слични спојници<br>Ex.<br>Затворачи изработени од киселоотпорни материјали |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>Електронски пишувачи за вградување во табли со инструменти |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во производството на разблажена (46%) азотна киселина („Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила народниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр 862
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

**955.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ И СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФОСФОРНА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема за производство на фосфорна киселина, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана според стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Двојни мембрански пумпи за дозирање хемикалии |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>— Центрифугални пумпи изработени од висококвалитетен челик отпорен на фосфорна киселина |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Центрифугални пумпи за транспорт на силикофлуороводородна киселина, изработени од материјал отпорен на флуор<br>— Центрифугални пумпи за транспорт на разблажена сулфуреста и сулфурна киселина, изработени од материјал отпорен на тие киселини |
| 84.11/4 | Вентилатори<br>Ex.<br>Вентилатори — дувалки за извлекување на отпадни гасови, обложени со гума, со капацитет од 30.000 $m^3/h$ |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Уреди за разладување на пулпа со испарување во вакуум, обложени и однатре со гума и изѕидани со киселоотпорна тула |
| 84.17/2к | Други машини, уреди и сл. за обработка на материјали, со менување на температурата<br>Ex.<br>— Уреди за кондензирање и пречистување на мокри флуорни гасови обложени однатре со гума<br>— Уреди за кондензирање и пречистување на влажни гасови по филтрирање на пулпа на фосфорна киселина, обложени однатре со гума<br>— Уреди за индиректно загревање на фосфорна киселина, изработени од импрегниран графит или од специјален материјал отпорен на фосфорна киселина |
| 84.18/2 | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности или гасови<br>Ex.<br>— Уреди за отпрашување — издвојување на честици на суров фосфат од струјата на воздухот, со капацитет од 10.000 $m^3/h$<br>— Уреди за прочистување на флуорни гасови со распрскана вода, обложени однатре со гума<br>— Хоризонтални обртни вакуум-филтери за филтрирање на пулпа на фосфорна киселина, со свртливи сегменти за истресување на филтратот, изработени од високо квалитетен киселоотпорен материјал, со пречник од 14 m и повеќе<br>— Уреди за пречистување на отпадни гасови по филтрирање на пулпа на фосфорна киселина, обложена однатре со гума<br>— Лентести вакуум-филтери за филтрирање тиња на гипс, изработени од висококвалитетен челик отпорен на фосфорна киселина<br>— Уреди за издвојување на гипс и силикат од фосфорна киселина, изработени од челик обложен со гума и од висолегиран киселоотпорен челик<br>— Хоризонтални обртни вакуум- филтери за филтрирање пулпа на фосфорна киселина, со обртна табла и со полжавест симнувач на гипс изработени од висококвалитетен киселоотпорен челик |
| 84.20/1а-1 | Ваги за мерење и контрола во производството<br>Ex.<br>Автоматски шински ваги за дозирање на суров фосфат, со капацитет од 10 до 25 t/h, со прецизност на мерење од ± 1‰ |
| 84.22/6к | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар и сл.<br>Ex.<br>Уреди за празнење на суров фосфат од бункери („Аеро-глисери") |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Мешачи на отпадна вода изработени од челик, преслечени со пластична маса<br>— Реактори со мешачи за разлагање на суров фосфат или пулпа од суров фосфат, обложени однатре со гума и изѕидани со киселоотпорна тула<br>— Уреди за мешање повратна фосфорна киселина обложени однатре со гума и со изѕидано дно со киселоотпорна тула<br>— Уреди за мешање хемикалии, изработени од висококвалитетен киселоотпорен материјал обложени однатре со гума<br>— Уреди за претворање на хемихидрат во анхидрат со мешање, обложени однатре со гума и изѕидани со киселоотпорна тула<br>— Уреди за мешање гипс со вода обложени однатре со гума и изѕидани со киселоотпорна тула<br>— Уреди за мешање силикофлуороводородна киселина, обложени однатре со гума<br>— Уреди за впарување на фосфорна киселина под апсолутен притисок од 50 бара, обложени однатре со гума, со капацитет од 17 t/h и повеќе впарена вода<br>— Мешалки за фосфорна киселина, изработени од високолегиран челик отпорен на дејство на фосфорна киселина<br>— Уреди гребачи за отстранување на наталожен гипс од резервоар за фосфорна киселина, изработени од високолегиран челик отпорен на фосфорна киселина |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Уреди за анализа во производството на фосфорна киселина<br>— Уреди за проверување (линиски и точкасти пишувачи)<br>— Уреди за контрола (пневматици, регулациони вентили и J/P позиционери)<br>— Уреди за мерење (ротометри, мерачи на спроводливоста и придушници за мерење на проток изработен од уранус B6) |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема за производството на фосфорна киселина („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/74 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 863
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

**956.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА АНХИДРИД НА ФТАЛНА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на анхидрид на фтална киселина, царината во 1978 година ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана според стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.01/1в | Котли за производство на водена и друга пара<br>Ex.<br>Котли за брзо производство на водена пара која се користи во ендотермната фаза од процесот на производството на анхидрид на фтална киселина, со капацитет 2 t пара на час, со притисок од 65 атмосфери |
| 84.02/1б | Други помошни уреди<br>Ex.<br>Предгрејачи на воздух за оксидација на оксилен |
| 84.10/4в | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони пумпи со вграден фин филтер и со грејач за оксилен, со шмукална височина и притисок над 80 m |
| 84.11/4б | Дувалки и сл.<br>Ex.<br>Турбо-дувалки со придушувач на звук и со воздушен ладилник за ладење масло, за подмачкување, за воведување воздух во реакторот, за оксидација на оксилен, со капацитет над 40.000 $Nm^3/h$ |
| 84.14/11 | Индустриски печки, неелектрични — други<br>Ex.<br>Печки за спалување цврсти материи издвоени од отпадни гасови, што содржат фтална киселина и малеинска киселина |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Уреди за разладување на гасови по излегувањето од контактна печка, со работен притисок над 9 at, со разладна површина над 800 $m^2$, што ја одржуваат температурата под точката на експлоатичноста |
| 84.17/2ѓ и к | Други машини и уреди<br>Ex.<br>— Уреди за загадување на $SO_2$ со водена пара, со притисок над 6 AT од материјалот 14571<br>— Контактни печки — реактори со вграден систем на оплаштени цевки за делумно добивање на анхидрид на фтална киселина со оксидација на гасовит оксилен со помош на воздух и катализатори, со припаѓачките мерни и регулациони инструменти<br>— Уреди за раздвојување на фтална киселина од другите гасови со наизменично ладење и греење печка на масло, со рециркулациона постапка<br>— Уреди за прифаќање на суров анхидрид на фтална киселина, со вграден греен систем што оневозможува повторна десублимација<br>— Уреди за одвојување на споредните производи од фтална киселина, со делумно претворување на фталната киселина во анхидрид на фтална киселина под вакуум со или без дополнителен ладилник<br>— Уреди за дестилација на смеса на суров анхидрид на фтална киселина под вакуум<br>— Ротациони тапани со уред за ладење и симнување анхидрид на фтална киселина во облик на лушпа |
| 84.18/2s | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ex<br>— Воздушни филтери со капацитет над 40.000 $Nm^3/h$, со предгрејачи на воздух и со придушувачи на звук<br>— Уреди за пречистување на отпадни гасови пред пуштањето во атмосфера<br>— Филтери за отпрашување (циклони) при производство и манипулација на анхидрид на фтална киселина во лушпи |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.19/2ѓ | Машини за пакување<br>Ex.<br>Автоматски машини за дозирање и пакување на анхидрид на фтална киселина во вреќи |
| 84.61/1 | Автоматски вентили<br>Ex.<br>Автоматски пневматски вентили од специјална изработка, за агресивни хемиски материи во производството на анхидрид на фтална киселина |
| 85.19/1з | Командни и разводни табли<br>Ex.<br>Командни и разводни уреди за управување со процесот на производството на анхидрид на фтална киселина<br>**Забелешка:** Пониската царинска стапка за командните табли наведени во овој тарифен број ќе се примени само ако тие се увезуваат во рамките на испорака на комплетен уред, односно постројка, со чиј процес на работа се управува со помош на нив, без оглед дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со тие уреди, односно постројки или посебно |
| 90.21 | Инструменти, апарати и модели наменети исклучиво за цели на демонстрирање<br>Ex.<br>Показна макета во определен размер за монтажа и одржување на постројка за производство на анхидрид на фтална киселина, со соодветна изометрија |
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и сл.<br>Ex.<br>— Саморегистрирачки манометри за мерење притисок на $SO_2N_2$ и водена пара<br>— Инструменти за мерење на проток, притисок, температура, густина и ниво на течност, неелектрични со пневматско управување<br>**Забелешка:** Пониската царинска стапка се применува само ако наведените уреди и апарати од овој тарифен број се увезуваат во рамките на испорака на комплетна опрема за производство на анхидрид на фтална киселина, без оглед дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со опремата или посебно |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>Уреди за автоматско регулирање на процесот на производството на анхидрид на фтална киселина<br>**Забелешка:** Пониската царинска стапка ќе се примени само ако наведените уреди и апарати од овој тарифен број се увезуваат во рамките на испорака на комплетна опрема за производство на анхидрид на фтална киселина, без оглед дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со таа опрема или посебно. |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увоз на специфична опрема што се користи во производство на анхидрид на фтална киселина („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/76 и 58/77).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 864
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

**957.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА СТЕАРИНСКА И ОЛЕИНСКА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на стеаринска и олеинска киселина, царината во 1978 година ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.01/1в | Други котли за производство на водена и друга пара<br>Ex.<br>— Котли за производство на заситена пара, од отворен тип, со притисок 32 AT, за разлагање на масноти<br>— Котли со висок притисок од 70 AT, од затворен тип, што се употребуваат при дестилација на масни киселини |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифугални пумпи за транспорт на масноти и масни киселини во процесот на разлагање на масноти, дестилација и хидрогенизација на масни киселини, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4541 и 4571, односно AISI 304 и 316 |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.11/1а-2 | Вакуум пумпи<br>Ex.<br>Уреди за добивање вакуум од 3 до 4 mm/hg, при дестилација и хидрогенизација на масни киселини, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4141 и 4571, односно AISI 304 и 316 |
| 84.17/2ѓ | Машини и уреди за дестилација и евапоризација<br>Ex.<br>Уреди за континуирана дестилација на масни киселини, при висок притисок од 3 до 5 mm/hg од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4541 и 4571, односно AISI 304 и 316 |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Уреди за континуирано разладување на масни киселини во процесот на вакуум-дестилација, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4541 и 4571, односно AISI 304 и 316 |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Цевки изменувачи на топлината за кондензација на водена пара во процесот на разлагање масноти, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4541, односно AISI 304<br>— Автоклави за разлагање на масноти во производството на масни киселини, со работен притисок од 20 at, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4541, и 4571 односно AISI 316<br>— Автоклави за хидрогенизација на масти и киселини, со работен притисок од 22 до 26 at, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4571, односно AISI 316<br>— Уреди за континуирано сушење на масни киселини, од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4541 и 4571, односно AISI 304 и 316 |
| 84.18/2s | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ex.<br>— Уреди за одвојување капки на масни киселини од излезни пари, во процесот на дестилација на масни киселини (Baffle filter) од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4571, односно AISI 316<br>— Уреди за хемиско пречистување (деминерализација и дегазација) на вода за производство на пара од 32 at, од нерѓосувачки челик CrNiMo тип 4571, односно AISI 316 |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за регулирање на определен притисок на водород во автоклав, за хидрогенизација од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4571, односно AISI 316<br>— Вакуум-сад со мешалка за белење<br>— обезбојување на масни киселини (деколоратор), од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4571, односно AISI 316<br>— Уреди со мешалка за подготвување катализатор кој ќе се користи во процесот на хидрогенизација на масни киселини, од нерѓосувачки челик SrNiMo, тип 4571 односно AISI 316<br>— Уреди за дозирање на катализатор при хидрогенизација на масни киселини од нерѓосувачки челик CrNiMo, тип 4571, односно AISI 316<br>— Уреди за обликување на стеарин во лушпи, од нерѓосувачки челик CRNIMO, тип 4571, односно AISI 316 |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување царината на увозот на специфичната опрема што се користи во производството на стеаринска и олеинска киселина („Службен лист на СФРЈ“, бр. 30/76).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 865
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

---

## 958.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76) Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЛИМОНСКА И ВИНСКА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на лимонска и винска киселина, во 1978 година царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износ што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, број 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%.

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифугални пумпи за транспорт на лимонска и винска киселина, на натриум |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | цитрат, на суспензија на гипс во раствор на винска и сулфурна киселина, отпорни на киселини, абразивни материи и температура |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони пумпи за транспорт на суспензија на гипс во раствор на лимонска и сулфурна киселина и на гипс во раствор на винска и сулфурна киселина, отпорни на киселини и абразивни материи |
| 84.17/2ѓ | Машини и уреди за дестилација и евапоризација<br>Ex.<br>— Тристепени вакуум — уреди за дестилација на отпадни материи на винска и лимонска киселина, индустриски<br>— Полуиндустриски уреди за сушење анхидриди и мицелиум на лимонска киселина |
| 84.18/1б | Центрифуги за течности<br>Ex.<br>— Центрифуги за одвојување кристали на лимонска и винска киселина од кристална суспензија, филтрациони со полжавест конвеер<br>— Центрифуги со чиничиња за континуирано центрифугирање на мицелиум од предферментирана тиња на лимонска киселина (сепаратори)<br>— Полжавести центрифуги за одвојување на мицелиум на лимонска киселина и квасец, во преработката на вински талог (декантери) |
| 84.18/2ѕ | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на течности или гасови<br>Ex.<br>— Уреди за одвојување кристали на гипс од суспензија<br>— Уреди за одвојување кристали на калциум цитрат од суспензионен раствор<br>— Уреди за одвојување на гипс од суспензионен раствор |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>Мелници за мелење анхидриди на лимонска киселина |
| 90.23/2 | Други инструменти<br>Ex.<br>Хигрометри за мерење влага во кристали на лимонска и винска киселина |
| 90.24/2в | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др.<br>Ex.<br>Ротометри со и без регистрација, отпорни на киселини, абразивни материи и температура, за мерење проток на раствор на лимонска и винска киселина од суспензија на гипс во раствор на лимонска киселина во смеса со сулфурна киселина |
| 90.26/2в | Други справи за мерење потрошувачка или производство на течности<br>Ex.<br>Бројачи отпорни на киселини, абразивни материи и температура, за мерење на количество на раствори на лимонска и винска киселина |
| 90.28/1, 3, 5 и 8 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex<br>— Електрични апарати за автоматска регулација на температурата и влажноста во процесот на ферментацијата на лимонска киселина<br>— ph-метри со регистратори за автоматска регулација на степенот на киселоста на раствор на лимонска киселина. |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи во производството на лимонска и винска киселина („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/76).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978. година.

Е. п. бр. 866
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

---

**959.**

Врз основа на член 49 став 2 на Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ЗА ЕЛЕКТРОЛИТИЧКО ПРОИЗВОДСТВО НА ХЛОР И НАТРИУМ-ХИДРОКСИД

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема за електролитичко производство на хлор и натриум-диоксид, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>— Ебонитирани центрифугални пумпи |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Центрифугални пумпи од титан<br>— Центрифугални пумпи од специјално легиран благороден челик<br>— Центрифугални пумпи од специјална изработка за транспорт на агресивни материјали |
| 84.11/1б-2 | Компресори<br>Ex.<br>Компресори за хлор со прстен на сулфурна киселина |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>Изменувачи на топлината од титан |
| 84.18/2s | Уреди и апарати за филтрирање или за пречистување на течности и гасови<br>Ex.<br>Ебонитирани филтери |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>Хлор-алкални електролитички ќелии (електролизери) |
| 85.01/9 | Иправачи и исправачки апарати<br>Ex.<br>Силициумски исправачи за електролиза на соли |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за електролитичко производство на хлор и натриум-хидроксид („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 867
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

## 960.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", број 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КАЛИУМОВИ СОЕДИНЕНИЈА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови од Царинската тарифа — специфична опрема за производство на калиумови соединенија, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78 и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%.

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/1 | Пумпи со неизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи за дозирање на агресивни хемикалии |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>— Ебонитирани центрифугални пумпи<br>— Центрифугални пумпи од титан<br>— Центрифугални пумпи од специјално легиран благороден челик<br>— Центрифугални вертикални пумпи за транспорт на растоп на температура над 300 степени С<br>— Центрифугални пумпи од специјална изработка за транспорт на агресивни материјали |
| 84.11/1б | Компресори<br>Ex.<br>— Компресори за хлор со прстен на сулфурна киселина<br>— Компресори за фреон, индустриски<br>— Компресори за воздух од висок притисок (H-15 at), капацитет 50 и повеќе $Nm^3/h$ |
| 84.14/11 | Други индустриски печки, неелектрични<br>Ex.<br>Индустриски печки за загревање растоп на сол, од специјална изработка, за агресивни хемиски материи |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Уреди за разладување на влажен хлор, од титан |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температура<br>Ex.<br>— Уреди за сушење на воздух со силикагелон<br>— Изменувачи на топлина од титан<br>— Цевни кондензатори за хлор<br>— Уреди за концентрација на калиумхидроксид со управување<br>— Уреди за добивање на лушпи на калиум-хидроиксид<br>— Пневматски сушилници од флуидизационен тип<br>— Кристализери за вакуум-управување на хлорати и калиум-карбонати<br>— Никлени изменувачи на топлина<br>— Фреонски уреди за кондензација на хлор |
| 84.18/1а | Центрифуги<br>Ex.<br>Континуелни центрифуги за сепарација на кристали на хлорати и калиум-карбонати |
1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ" бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.11/4 | Вентилатори<br>Ex.<br>— Вентилатори за исфрлување додатни компоненти од бункери за ваги за дозирање, изработени од специјално отпорен материјал |
| 84.19/2б | Други машини за полнење<br>Ex.<br>— Машини за дозирање и полнење на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет во вентил-вреќи со истовремено пресување |
| 84.20/1а | Ваги за мерење и контрола во производството<br>Ex.<br>— Автоматски ваги за дозирање суровини (тресет и други компоненти) за производство на минерални ѓубриња<br>— Ваги за контрола на тежината на пакувањето на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет и автоматско блокирање на натамошната работа на уредот за пакување |
| 84.22/6б | Транспортери со гумена или челична лента<br>Ex.<br>— Транспортери со гумена лента на сопствен погон, специјално конструирани и наменети за движење по тресетиштето, за собирање и транспорт на тресет |
| 84.23/4е | Други машини, самоодни за ископување на минерали или руди<br>Ex.<br>— Специјални подвижни машини за надолжно (линиско) режење и исфрлување на тресет, од ударен тип, исклучиво наменети за движење надвор од патишта по мек терен (тресетиште) со капацитет од 150 $m^3/h$ |
| 84.56/4г | Други машини за просевање, мешање и дробење на минерални материјали<br>Ex<br>— Уреди за ситнење и просевање на тресет со доводен и одводен процесен транспортер, со должина 11 метри<br>— Уреди за мелење на додатни компоненти за мешање со тресет во производството на комплексно минерално ѓубре од тресетен тип, со одводен процесен транспортер до вагата и до уредот за пакување |
| 84.61/1 | Автоматски вентили<br>Ex<br>— Автоматски регулациони вентили во процесот на производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет |
| 85.19/1 | Разводни и командни табли<br>Ex.<br>— Командни разводни уреди за управување со уредите во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет<br>— Командни табли за управување со процесот на одмерување, мешање и додавање на компоненти во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет („Службен лист на СФРЈ", број 41/76).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 883
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**978.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОЗВОДСТВОТО НА ПОЛИАМИДНИ И ПОЛИОЛЕФИНСКИ ВЛАКНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови од Царинската тарифа — специфична опрема за производство на полиамидни и полиолефински влакна, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметани-

от износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%.

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2а | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи со регулација на капацитетот, од специјална изработка, за агресивни хемиски материи |
| 84.10/3б | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Пумпи за транспорт на истопен капролактам, од специјална изработка, за агресивни хемиски материи |
| 84.10/4в | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Запчести пумпи со регулација на капацитетот, од специјална изработка, за агресивни хемиски материи |
| 84.11/1а-2 | Вакуум пумпи<br>Ex.<br>Пумпи за создавање на висок вакуум |
| 84.11/1а-3 | Други пумпи<br>Ex.<br>Ејектори-уреди за добивање на вакуум |
| 84.11/1б | Компресори<br>Ex.<br>Стационирани компресори за напојување со воздух на мерно-регулациони уреди |
| 84.11/4 | Дувалки<br>Ex.<br>Дувалки за пневматски транспорт на гранули на полимеризати во струјата на азотот |
| 84.12 | Самостојни машини за климатизација<br>Ex.<br>Уреди за климатизација на простории во производството на полиамидни и полиолефински влакна:<br>1) до 300 $m^3$<br>2) над 300 $m^3$ |
| 84.17/2ѓ | Уреди за дестилација<br>Ex.<br>Уреди за дестилација на олигомер и лактам од полимеризати во вакуум |
| 84.17/2к | Други уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Уреди за топење на капролактам и полимер<br>— Уреди со двојни ѕидови за мешање на стопен капролактам со стабилизатор<br>— Резервоари со двојно дно за капролактам со уреди за дозирање на азот<br>— Резервоари со двојно дно, со уреди за хомогенизација (мешање) на титандиоксид, карбон и вода<br>— Уреди — екстрактори за издвојување на олигомер и лактам од полимеризати<br>— Уреди за мешање на растоп на полимер<br>— Високо-вакуумски ротирачки сушилници за сушење на гранулат на полимеризати |
| 84.18/2 | Уреди за филтрирање или пречистување<br>Ex.<br>Филтери за пречистување на растопен капролактам и азот |
| 84.22/6к | Други транспортери<br>Ex.<br>Цевни вибрациони транспортери за транспорт на гранули во заштитен гас |
| 84.36/1 | Машини за предење од маса (истискување) на вештачки синтетички текстилни влакна<br>Ex.<br>Машини за истискување на филаменти (бескрајни полиамидни и полиолефински влакна) од полимеризати |
| 84.36/2в-2 | Други машини што се употребуваат за преработка на синтетички и вештачки текстилни влакна<br>Ex.<br>— Машини за сечење на монофиламенти<br>— Машини за текстурирање на полиамидни и полиолефински влакна |
| 84.36/3г | Други текстилни машини за дублирање и кончење<br>Ex.<br>Машини за дублирање и кончење на полиамидни и полиолефински влакна |
| 84.38/1а | Делови за употреба со машини од тар. бр. 84.36<br>Ex<br>Млазници-дизни за истискување на полиамидни и полиолефински влакна |
| 84.56/2в | Други машини за кршење и мелење<br>Ex<br>Уреди за мелење на титан-диоксид во суспензија (колоидни мелници) |
| 84.59/4 и 8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Дробилки за дробење на капролактам<br>— Цевни реактори за поликондензација на капролактам<br>— Уреди за добивање и пречистување на азот за транспортирање на капролактам и гранули на полимеризати и спречување на нивна оксидација |
| 84.61/1 | Автоматски вентили<br>Ex.<br>Автоматски пневматски вентили со специјална изработка за агресивни хемиски материи, за регулирање на протокот на растопен капролактам |
| 85.02/4 | Електромагнетски спојници<br>Ex.<br>Електромагнетски спојници и куплунзи на машини за истискување на филаменти од полимеризати, намотување и премотување на полиамидни и полиолефински влакна, дублирање и кончење на полиамидни влакна и тестирање на полиамидни и полиолефински влакна |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 85.19/1 | Командни и разводни табли<br>Ex.<br>— Командни и разводни уреди за управување на уреди во процесот на производството на полиамидни и полиолефински влакна<br>— Командни и разводни уреди за управување — со клима уреди во процесот на производството на полиамидни и полиолефински влакна<br>Забелешка: Пониската царинска стапка ќе се применува само ако тие командни разводни уреди се увезуваат во рамките на испораките на комплетни уреди за производство на полиамидни и полиолефински влакна, и на други влакна односно клима-уреди, без оглед на тоа дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со тие уреди или посебно |
| 90.24 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, притисок или на други променливи вредности на течности<br>Ex.<br>Инстументи за мерење на проток, притисок, температура, густина и ниво на течности, неелектрични пневматски |
| 90.28/1 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на производството на полиамидни и полиолефински влакна |

2. Со денот на влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увоз на специфична опрема за производството на полиамидни и полиолефински влакна („Службен лист на СФРЈ", број 20/73, 7/74, 39/74, 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 884
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

## 979.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОЛИЕСТЕРСКИ ВЛАКНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за производство на полиестерски влакна, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи за транспорт на истопен мономер и полимер, специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.10/4 | Други ротациони пумпи<br>Ex.<br>Запчести пумпи со регулација на капацитетот за транспорт на истопена терафтална киселина и гликол (мономер) и полимер, специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.11/1а-2 | Вакуум пумпи<br>Ex.<br>Пумпи за создавање висок вакуум |
| 84.11/1а-3 | Други пумпи<br>Ex.<br>Ејектори — уреди за добивање вакуум |
| 84.11/1б-2 | Компресори стабилни<br>Ex<br>Стационирани компресори за напојување со воздух на мернорегулационата техника |
| 84.11/4 | Дувалки<br>Ex.<br>Дувалки за пневматски транспорт на гранули на полимеризати во струјата на воздухот и азотот |
| 84.12 | Самостојни машини за климатизација<br>Ex.<br>Уреди за климатизација на простории во производството на полиестерски влакна:<br>1) до 300 m³<br>2) над 300 m³ |
| 84.17/2ѓ-2 | Други уреди за дестилација<br>Ex.<br>Уреди за дестилација на суров гликол и метанол |
| 84.17/2к | Други уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Уреди за топење на мономер<br>— Уреди со двојни ѕидови за проток на флуид за подготвување на истопен мономер и полимер со стабилизатори и катализатори<br>— Уреди со двојни ѕидови за проток на флуид за хомогенизација на смеса на титан-диоксид и вода<br>— Изменувачи на топлина од специјална изработка за агресивни хемиски материи<br>— Сушилници за сушење на гранулиран полимер |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.18/2 | Уреди за филтрирање или пречистување<br>Ex.<br>Филтери за пречистување на истопен мономер и полимер |
| 84.22/6б | Транспортери со гумена или челична лента<br>Ex.<br>Уреди за транспорт и дозирање на мономер, полимер и полиестерски влакна |
| 84.22/6к | Други транспортери<br>Ex.<br>Цевни вибрациони транспортери за транспорт на гранули во заштитен гас |
| 84.36/1 | Машини за предење од маса<br>Ex.<br>Машини за истиснување на филаменти (бескрајни полиестерски влакна) од полимеризати |
| 84.36/2в-2 | Други машини што се употребуваат за преработка на синтетички и вештачки пластични маси<br>Ex.<br>— Машини за подготување на полиестерски влакна со сечење или кинење<br>— Машини за сечење монофиламенти<br>— Машини за кадрење полиестерски влакна<br>— Машини за сечење и авивирање полиестерски влакна |
| 84.37/7б | Други трикотажни машини<br>Ex.<br>Трикотажни машини за кружно плетење за текстилните лаборатории на производителите на полиестерски влакна |
| 84.38/1а | Делови за употреба со машините од тар. бр. 84.36<br>Ex.<br>Млазници — дизни за истискување на полиестерски влакна |
| 84.40/6е-1 | Машини за белење и боење на предиво<br>Ex.<br>Машини за боење на полиестерски влакна |
| 84.56/2в | Други машини за мелење<br>Ex.<br>Уреди за мелење на титан-диоксид во прав (колоидни мелници) |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за хомогенизација на смеса на титан-диоксид и вода<br>— Реактори за естерификација и поликондензација на мономери. со уреди за кондензација на дифил, гликол. метанол и вода<br>— Уреди за добивање и пречистување на азот за транспортирање на мономери, гранулати, на полимери и за спречување на нивната оксидација |
| 84.61/1 | Автоматски вентили<br>Ex.<br>Автоматски пневматски вентили од специјална изработка за агресивни хемиски материи за регулирање на протокот на истопен мономер |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 85.01/9 | Статички конвертори, исправачи и исправачки апарати<br>Ex.<br>Импулсни претворачи на електрична струја на машините за мотање на полиестерски влакна |
| 85.02/4 | Електромагнетски спојници<br>Ex.<br>Електромагнетски квачила и куплунзи на машините за<br>— истиснување на филаменти од полимеризати<br>— подготвување на полиестерски влакна со сечење или кинење<br>— текстурирање на полиестерски влакна |
| 85.11/1 | Електрични печки<br>Ex.<br>Печки за топење — чистење на стврднат полимер во дизните за истиснување на полиестерски влакна |
| 85.19/1 | Командни и разводни табли<br>Ex.<br>— Командни, разводни уреди за управување со уредите во процесот на производство на полиестерски влакна<br>Забелешка: Пониската царинска стапка ќе се примени само ако тие командни уреди се увезуваат во рамките на испораката на комплетни уреди за производство на полиестерски влакна, без оглед дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со тие машини или посебно |
| 90.24 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, притисок, или на други променливи вредности на течности<br>Ex.<br>Инструменти за мерење на проток, притисок, температура, густина и ниво на течности, неелектрични — пневматски |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на работата на уредите за производство на полиестерски влакна |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увоз на специфична опрема за производство на полиестерски влакна („Службен лист на СФРЈ“, бр 20/73, 39/74, 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 885
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**980.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОЛИАКРИЛОНИТРИЛНО ВЛАКНО

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема за производство на полиакрилонитрилно влакно, царината, ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2а | Пумпи со наизменично движење<br>Ех.<br>Клипни пумпи со регулација на капацитетот, од специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.10/3б | Центрифугални пумпи<br>Ех.<br>Центрифугални пумпи од специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ех<br>— Хелиокоидални монопумпи, од специјална изработка за агресивни хемиски материи<br>— Зепчести пумпи за дозирање на полимеризати за испредување влакно, од специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 84.11/1а-2 | Вакуум пумпи<br>Ех<br>Вакуум пумпи изработени од специјален материјал отпорен на агресивни хемиски материи |
| 84.11/1 | Други пумпи и компресори<br>Ех<br>Ејектори — уреди за добивање вакуум под 15 mm живин столб |
| 84.17/2к | Други уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ех.<br>— Машини и уреди за сушење на PAN — влакно<br>— Изменувачи на топлина од специјална изработка за агресивни хемиски материи<br>— Автоклави за парење за добивање на волуминозен топс од PAN — влакно |
| 84.18/2 | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување<br>Ех.<br>— Филтер-преси за пречистување на полимеризати пред испредување (истиснување)<br>— Метафилтери за пречистување на натриум-тиоцијанати<br>— Ротациони филтери за пречистување натриум-тиоцијанати<br>— Уреди за пречистување, со екстракција, на натриум-тиоцијанати |
| 84.22/6к | Други машини и апарати за дигање, манипулација и др.<br>Ех.<br>Регулациони, вицбрациони, полжавести додавачи за дозирање на хемиски прашести материи |
| 84.36/1 | Машини за предење од маса (истискување) на вештачки и синтетички текстилни влакна<br>Ех.<br>Машини за предење (истискување) на полимеризати и добивање на PAN — влакно |
| 84.36/2а | Развлекувачи за синтетички влакна<br>Ех.<br>Машини за развлекување на синтетичко PAN — влакно по сечење или кинење |
| 84.36/2в-2 | Машини од сите видови, што се употребуваат за преработка на синтетички текстилни влакна<br>Ех.<br>Машини за приготвување на синтетичко PAN — влакно со сечење или кинење |
| 84.38/1а | Млазници-дизни за истискување на синтетички влакна<br>Ех<br>Млазници-дизни за истискување на синтетички текстилни влакна |
| 84.40/6е-1 | Машини за бојосување на предиво<br>Ех.<br>Машини за бојосување на синтетичко PAN — влакно во кабел |
| 84.56/4г | Други машини за сортирање, сепарација, мелење и др.<br>Ех.<br>Мелници со кугли за приготвување на титан-диоксидова паста |
| 84.59/4 | Машини и механички уреди за индустријата на вештачки пластични маси<br>Ех.<br>— Мешалки од специјална изработка за мешање на агресивни хемиски материи во цистерни и резервоари<br>— Мешачи за хомогенизација на полимеризати за предење<br>— Машини за пресување и пакување во бали на штапелирано PAN — влакно |
| 84.61/2 | Други вентили<br>Ех.<br>— „Saunders" — вентили, обложени со стаклест емајл, отпорни на дејствување на агресивна хемиска материја |
| 85.02/4 | Електромагнетски спојници<br>Ех.<br>Електромагнетни квачила и куплунзи за машини за истиснување на PAN — влакно |
| 85.19/1д | Командни табли<br>Ех.<br>Командно-контролни табли за регулација на работата на машините за истиснување и за сува доработка на PAN — влакно |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | **Забелешка:** Пониската царинска стапка ќе се примени само ако тие командно-контролни табли се увезуваат во рамките на испораките на комплетни машини за истискување и сува доработка на PAN-влакно, без оглед на тоа дали тие се увезуваат заедно (истовремено) со тие машини или посебно |
| 90.24/2в | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др. Ex. Инструменти за мерење на протокот, притисокот, температурата, густината и нивото на течноста, неелектрични-пневматски, од специјална изработка за агресивни хемиски материи |
| 90.28/1 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола Ex. — Електронски инструменти за мерење, автоматска контрола и дотерување на протокот на течноста врз принципот на електро-спроводност на транспортираната течност — Сигнални електромагнетни уреди во „S" изработка за алармирање на критичното ниво на течноста во резервоари |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема за производство на полиакрилонитрилно влакно („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73, 28/75 и 61/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е п. бр. 888
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

**981.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ПОЛИУРЕТАНСКА ПЕНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на полиуретанска пена, царината во 1976 година ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2 | Центрифугални пумпи Ex. Центрифугални пумпи за рециркулација на изоцијанат во процесот на производството на полиуретанска пена |
| 48.10/3 | Ротациони пумпи Ex. Ротациони нерѓосувачки пумпи за рециркулација на полиол во процесот на производството на полиуретанска пена |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали Ex. Каналски уреди за разгледување калапи |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата Ex. Тунелски уреди за загревање на полиуретанска маса на определена температура заради хемиско обликување во калапи и надвор од калапи |
| 84.19/8к | Други машини и механички уреди Ex. Автоматски машини за дозирање на полиол, изоцијанат и други компоненти (катализатори' површински активни материи, фриген, вода итн.) во процесот на производството на полиуретанска пена |
| 84.61/1 | Автоматски вентили Ex. Автоматски вентили за регулирање на протокот на изоцијанат и полиол, во процесот на подготвувањето на суровините за производство на полиуретанска пена |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи во производството на полиуретанска пена („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/76).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е п. бр. 889
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

982.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ДИОКТИЛФТАЛАТ (DOP)

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за производство на диоктилфталат, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.18/1 | Безрабни цевки<br>Ex.<br>Безрабни цевки од нерѓосувачки челик за транспорт на медиуми во процесот на производството на DOP |
| 73.20/2 | Прибор за цевки — колена<br>Ex.<br>Колена за челични цевки и цевоводи за транспорт на медиуми во производството на DOP |
| 73.20/3 | Друг прибор за цевки и цевоводи<br>Ex.<br>Прибор за цевки и цевоводи од нерѓосувачки челик за транспорт на медиуми во производството на DOP |
| 84.03/4 | Други генератори<br>Ex.<br>Уреди — генератори за производство на заштитен (инертен) гас во производството на DOP, од специјална изработка |
| 84.10/2а | Пумпи со наизменично движење<br>Ex.<br>Клипни пумпи за дозирање на технички адитиви, од специјална изработка, за агресивни хемиски материи |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Специјални центрифугални пумпи (едностепени и повеќестепени) за транспорт и дозирање на медиуми (2-етилхексалон, бензин суров и чист естер и др.) во процесот на производството на DOP, во „S" изработка |
| 84.10/4в | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони дозирни пумпи со полжавест пренос на хидроскопните течности во „S" изработка, од нерѓосувачки челик |
| 84.17/2ж | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Разладни кули за вода, со капацитет на ладење 3,200.000 kcal/h, изработени од полиестерски смоли и зајакнати со стаклени влакна |
| 84.18 | Машини и уреди за филтрирање или пречистување<br>Ex.<br>Филтер-преси за филтрирање на DOP |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>Мешалки на реактори за производство на DOP |
| 84.61/1 и 2 | Автоматски и други славини, вентили и слични уреди за цевоводи, котли и др.<br>Ex.<br>Славини, вентили и слични уреди што се користат во регулацијата на процесот на производството на DOP, од материјалите 4308 и 4408<br>— автоматски<br>— други |
| 90.24/2в | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др.<br>Ex.<br>Инструменти за мерење на протокот, притисокот, температурата, густината и нивото на течности во процесот на производството на DOP |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на производството на DOP |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за производство на диоктилфталат (DOP) — („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/77).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 890
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

983.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХИДРОГЕНИРАНИ ЕРГОТ-АЛКАЛОИДИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфичната опрема што се користи за производство на хидрогенирани ергот-алкалоиди, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 40%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2 | Пумпи со наизменично движење<br>Ех.<br>Дозирни клипни пумпи со можност за регулирање на одот на клипот, со електромотор, во „S“ изработка |
| 84.10/3в | Центрифугални пумпи<br>Ех.<br>Центрифугални пумпи за разредени и концентрирани раствори на алкалоиди во халогени и нехалогени органски растворувачи, отпорни на киселини и на абразивни материи, со електромотор, во „S“ изработка |
| 84.11/1а-2 | Вакуум-пумпи<br>Ех.<br>Ротациони вакуум-пумпи со течен прстен од органски растворувач и со ладење со органски растворувач, со еден или повеќе елементи за ладење и со уреди за собирање на растворувачот заради заштита на човековата околина, во „S“ изработка |
| 84.11/1а-3 | Други пумпи<br>Ех.<br>Дозирни клипни пумпи за гасовит водород |
| 84.11/1б | Компресори<br>Ех.<br>Клипни компресори за напојување на реактори со водород |
| 84.17/2е | Машини за ферментација, одржување и вештачко стареење<br>Ех.<br>Машини за ферментациско умножување на примарни култури на ’ржена гламница, со работна зафатнина од 14 литри |
| 84.17/2к | Машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ех.<br>— Уреди за ректификација на смеса на органски растворувачи за дво- и трокомпонентни системи<br>— Уреди за регенерација на растворувачи од отпадна ’ржена гламница, со парење<br>— Уреди за регенерација на органски растворувачи со помош на водена пара и врела вода, со директно или индиректно загревање, со или без вакуумска пумпа<br>— Уреди за кондензација на органски растворувачи со помош на вода<br>— Уреди за вакуумска концентрација на растворувачи на ергот-алкалоиди, со индиректно загревање со вода |
| 84.18/1б | Други центрифуги<br>Ех.<br>Центрифуги (со или без мешач) за континуирана екстракција на алкалоиди од вода во органска фаза, во „S“ изработка |
| 84.18/2 | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување<br>Ех.<br>— Уреди за двојно филтрирање на екстрактот од’ржена гламница, со вграден уред за автоматско чистење на филтерот<br>— Двојни филтери за филтрирање на растворот на натриум хидроксид во процесот на екстракцијата на ергот-алкалоиди<br>— Комбинирани уреди за филтрирање, екстракција, перење и вакуумско сушење на ергот-алкалоиди, со или без хидраулика<br>— Уреди за филтрирање катализатори од реакциона смеса со притисок<br>— Апсорпциони филтерски уреди за отстранување на органски растворувачи од воздухот, со регенерација на растворувачите |
| 84.20/1а-1 | Ваги за мерење и контрола<br>Ех.<br>Автоматски дозирни ваги со лента за континуирано иситнета ’ржена гламница |
| 84.25/4б | Други машини за сортирање на земјоделски производи<br>Ех.<br>Шестканални уреди за оптичко сортирање на мешаница на ’ржена гламница и смеса од гламница и ’рж |
| 84.59/8л | Други машини и механички уреди<br>Ех.<br>— Вибрациони уреди за подготвување примарни култури на ’ржена гламница во производството на хидрогенирани ергот-алкалоиди |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Континуирани противструјни екстрактори за екстракција на 'ржена гламница |
| | — Комбинирани уреди за ладење, апсорпција и регенерација на етил-ацетат |
| | — Мешалки за центрифугално континуирано емулгирање на кисели и базни раствори на алкалоиди и на растворувачи, во „S“ изработка |
| | — Екстракциски колони со сегменти за екстракција „течно-течно“ со турбо мешалка во секој сегмент, и со автоматска регулација на протокот и нивото |
| | — Комбинирани уреди за согорување на смеса на отпадни органски растворувачи, со пумпа, горилник и со регулација, во „S“ изработка |
| 85.02/2 | Перманентни магнети<br>Ex.<br>— Перманентни магнети предвидени за вградување во цевки за отстранување челични делчиња од 'ржена гламница и од смеса на гламница и 'рж<br>— Перманентни магнети предвидени за вградување над вибрациони транспортери за отстранување на челични делчиња од чиста 'ржена гламница |
| 90.26/2б-3 | Други справи за мерење потрошувачка или производство на течности<br>Ex.<br>Ротационо-клипни мерачи со еден или повеќе бројачи за мерење на количеството на течноста и со можноста за програмирање |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола<br>Ex.<br>Уреди за мерење, проверување, анализа, автоматска контрола и регулација на работата на уредите во производството на хидрогенирани ергот-алкалоиди |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увоз на специфична опрема што се користи за производство на хидрогенирани ергот-алкалоиди („Службен лист на СФРЈ“, бр. 19/77).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 891
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

## 984.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА НЕЈОНОГЕНИ ТЕНЗИДИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови од Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на нејоногени тензиди, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 83.08 | Светливи цевки од прости метали<br>Ex.<br>Флексибилни цевки за проток на етиленоксид и пропиленоксид, називен отвор од 20 до 60 mm и притисок до 24 атмосфери, изработени од не'рѓосувачки челик, без примеси на бакар |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex.<br>Центрифугални пумпи за циркулација на реакциона агресивна смеса во процесот на производството на нејоногени тензиди, за работа на температури поголеми од 200°С, изработени од не'рѓосувачки челик без примеси на бакар |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони пумпи за транспорт на етиленоксид и пропиленоксид, во процесот на производството на нејоногени тензиди, со елементи изработени од не'рѓосувачки челик без примеси на бакар |
| 84.11/1а-2 | Вакуум пумпи<br>Ex.<br>Вакуум пумпи за создавање вакуум во системот за производство на нејоногени тензиди, капацитет над 50 $m^3/h$ изработени од не'рѓосувачки челик без примеси на бакар |
| 84.17/2ж-2 | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Уреди за кристализација на етоксилат во облик на лушпи, со разладување на растоп |
| 84.61/1б | Автоматски вентили<br>Ex.<br>Вентили за сигурност-аголни, наменети за етиленоксид, пропиленоксид и реак- |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | циона смеса, со притисок над 8 атмосфери, називен отвор 50 mm, изработени од не'рѓосувачки челик без примеси на бакар |
| 84.61/2 | Други вентили<br>Ех.<br>Други вентили наменети за етиленоксид, пропиленоксид и реакциона смеса, називен отвор од 10 до 70 mm, називен притисок 16 атмосфери, изработени од не'рѓосувачки челик без примеси на бакар |
| 85.01/1 и 2 | Други мотори со тежина над 100 kg до 1.000 kg по парче<br>Ех.<br>Мотор-редуктори за дотерување на бројот на обртите во границите од 5 до 25 обрти во минута |
| 90.24/2в | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и др.<br>Ех.<br>Покажувачи на нивото на течноста за притисоци поголеми од 24 атмосфери, со метален дел што доаѓа во допир со флуидот, изработени од не'рѓосувачки челик без примеси на бакар. |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за производство на нејоногени тензиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/77).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 892
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев** с. р.

---

**985.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОСНОВНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за производство на основните земјоделски производи, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.22/2 | Контејнери за превоз на стоки, од железо или челик<br>Ех.<br>Контејнери за тракторска приклучна машина, брикети и течно гориво, со зафатнина над 300 l |
| 73.23/1 | Контејнери од лим или од плочи, од железо или од челик<br>Ех.<br>Контејнери од челик за држење биолошки материи на температурата на течниот азот |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ех.<br>Центрифугални пумпи од не'рѓосувачки челик, со или без варијатор за филтрирање вино, со капацитет од 6.000 l/h |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ех.<br>— Полжавести пумпи со капацитет над 100 $m^3$/час и со притисок од 10 at за црпење течно ѓубриво<br>— Пумпи за црпење течно ѓубриво |
| 84.17/2д | Машини и уреди за стерилизација и пастеризација<br>Ех.<br>Комбинирани уреди за пастеризација и сатурација на вино со можност за додавање $SO_2$ и N |
| 84.17/2к | Други машини за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ех.<br>Цилиндрични ротациони сушилници со горилник |
| 84.18/2 | Машини и уреди за филтрирање или пречистување<br>Ех.<br>Уреди од не'рѓосувачки челик за стерилно филтрирање вино, со влошки од азбест |
| 84.19/2 | Други машини за перење, чистење, сушење, полнење, затворање и др. на шишиња<br>Ех.<br>— Автоматски машини за континуирано перење, чистење и сушење шишиња, со капацитет над 3.000 шишиња/час, со максимален пречник на шишињата од 115 mm и со максимална височина од 375 mm<br>— Автоматски машини за затворање шишиња со затка од плута<br>— Автоматски машини за затворање шишиња со крунска затка<br>— Автоматски машини за затворање шишиња со пластична-шампањска затка<br>— Автоматски машини за етикетирање полнети шишиња<br>— Машини за полнење шишиња со или без уред за газирање и со водилки за разни типови шишиња |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Автоматски стегачи на алуминиумски капчиња на полни шишиња<br>— Автоматски уреди за перење пластични сандаци |
| 84.22/6 | Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар и истовар и др.<br>Ex.<br>— Пневматски уреди за вадење шишиња од пластични сандаци<br>— Пневматски уреди за ставање полни шишиња во пластични сандаци<br>— Членести транспортери, изработени од нерѓосувачки челик за транспорт на шишиња во процесот на перењето и полнењето на шишињата |
| 84.24/1а | Плугови тракторски<br>Ex.<br>Плугови носени и полуносени со четири и повеќе плужни тела, за тракторите на тркала |
| 84.24/2б | Растурачи на ѓубре тракторски<br>Ex.<br>— Тракторски растурачи на шталско ѓубре со носивост над 5 t<br>— Растурачи на минерално ѓубре со носивост над 500 kg |
| 84.24/2, 3 и 4 | Машини за садење, култивирање и други, за градинарство<br>Ex.<br>— Машини за садење, влечени и носени<br>— Машини за садење, самоодни |
| 84.24/3а | Култиватори тракторски<br>Ex.<br>Култиватори за предсеидбена подготовка на земја со работен зафат над 5 m |
| 84.24/3а | Брани (чинијаши) тракторски<br>Ex.<br>Чинијаши тракторски со работен зафат над 4 m |
| 84.25/2а | Влечени комбајни за жито |
| 84.25/2б и г | Други комбајни, самоодни<br>Ex.<br>— Комбајни за вадење компир<br>— Комбајни за вадење репа<br>— Комбајни за берење памук<br>— Комбајни за силажа<br>— Комбајни за берење боранија, грашок. домати, грав, краставици и пиперки |
| 84.25/2в и г | Други комбајни, влечени<br>Ex.<br>— Комбајни за вадење репа<br>— Комбајни за вадење компир<br>— Комбајни за берење памук<br>— Комбајни за берење боранија, грашок, домати, краставици и пиперки |
| 84.25/3а | Косачки, тракторски<br>Ex.<br>Тракторски косачки комбинирани со гмечалки |
| 84.25/3г | Други машини за берба, жнеење, преси за добиточна храна и др.<br>Ex.<br>— Тракторски и самоодни самоврзачки и жнеалки<br>— Косачки самоодни комбинирани со гмечалка<br>— Преси за сено и слама<br>— Машини за вадење компир и репа<br>— Копачки за вадење плодови од морков и кикиритки |
| 84.28/1 | Други машини за земјоделство<br>Ex.<br>— Машини за сушење памук<br>— Пречистувачи за памук<br>— Селектори — тријанери за селекција<br>— Тракторски приклучни машини за собирање и сечкање покосена култура и за манипулација со контејнери<br>— Истоварни станици со погонски агрегат, со уред за дозирање и со преса за брикетирање |
| 85.19/1 | Други разводни и командни табли<br>Ex.<br>Командни и разводни уреди за управување со процесот на работата во полначки<br><br>Забелешка: Намалување на царинските стапки за командните и разводните уреди наведени во овој тарифен број, ќе се применува само ако тие се увезуваат во рамките на испораката на комплетната опрема односно машините што се користат во процесот на полнењето, без оглед дали се увезуваат заедно (истовремено) со тие увозни машини или посебно |
| 87.01/3б-2 | Други трактори на тркала<br>Ex.<br>Трактори со јачина над 120 KS според DIN |
| 88.02/3б | Други авиони чија тежина во неоптоварена состојба не преминува 2.000 kg<br>Ex.<br>Земјоделски авиони, со носивост над 650 kg |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за производство на основните земјоделски производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 41/73, 64/73, 39/74, 28/75, 61/75, 32/77 и 33/78).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 893
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

**986.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ШЕЌЕР

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на шеќер, царината ќе се пресмета по стапка од 5%. Врз така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ex<br>— Центрифугални пумпи со променлив број на обрти<br>— Центрифугални пумпи за транспорт на мешаница на репа и вода, со капацитет над 400 тони на час<br>— Центрифугални пумпи за отпадни води (згусната тиња) високоотпорни на абење |
| 84.10/4 | Ротациони пумпи<br>Ex.<br>Ротациони пумпи за транспорт на меласа, густ сок и шеќеровина |
| 84.14/11 | Други индустриски печки, неелектрични<br>Ex.<br>Печки за непрекинато печење вар со постојано одржување на јаглен диоксид на најмалку 32%, корисна зафатнина над 100 кубни метра |
| 84.17/1д | Машини и уреди за стерилизација и пастеризација<br>Ex.<br>— Уреди за стерилизација на вода од преси за пулпа |
| 84.17/2к | Други машини и уреди за обработка на материјали со менување на температурата<br>Ex.<br>— Уреди за сушење шеќер во коцки<br>— Катализатори на дифузиони уреди за екстракција на сокот од изрежана шеќерна репа — погонски дел<br>— Спирални изменувачи на топлина за загревање на шеќерниот сок<br>— Уреди за пречистување на шеќерниот сок со варово млеко и јаглен-диоксид |
| 84.18/1б | Центрифуги други<br>Ex.<br>Центрифуги за издвојување на шеќерот во кристал од матичен сируп |
| 84.18/2 | Машини и уреди за филтрирање или пречистување<br>Ex.<br>— Уреди за згуснување на тињата со филтрирање<br>— Уреди за смекнување на шеќерните сокови<br>— Уреди за одвојување на механичките нечистоти од водата што служат за истовар, транспорт и перење на репата |
| 84.19/2 | Други машини за дозирање и пакување<br>Ex.<br>— Машини за дозирање и пакување на шеќерот<br>— Машини за дозирање и пакување на производи на индустријата на шеќер |
| 84.20/1 | Ваги и машини за мерење и контрола во производството<br>Ex.<br>— Уреди за дозирање варово млеко и уреди за пречистување на шеќерниот сок<br>— Ваги за мерење резанки од шеќерна репа врз транспортери<br>— Електронски ваги за мерење бруто и нето тежината на мострите од шеќерна репа<br>— Електронски ваги за дозирање на мострите од шеќерна репа |
| 84.21/5 | Други атомизери и слични прскала<br>Ex.<br>Уреди за истовар на репа со воден млаз |
| 84.22/6 | Други машини и апарати за дигање манипулација, натовар или истовар и сл.<br>Ex.<br>— Уреди за пневматски транспорт на суви резанки од шеќерна репа<br>— Автоматски уреди за земање мостри од шеќерна репа од камиони |
| 84.25/3 | Други машини, апарати и справи; преси за добиточна храна<br>Ex.<br>Преси за палетизирање суви резанки од шеќерна репа |
| 84.30/1ѓ | Машини и уреди за производство и рафинирање на шеќер<br>Ex.<br>— Вибрациони сита за перење шеќерна репа<br>— Уреди за отстранување камен од мешаница на репа и вода — фаќачи на камен<br>— Машини за режење шеќерна репа<br>— Погонски дел и сита за дифузни уреди за екстракција на сокот од изрежана шеќерна репа<br>— Преси за пулпа, содржина на сува материја над 18%<br>— Уреди за изработка на шеќер во коцки |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | — Машини за перење мостри од шеќерна репа<br>— Маси за сортирање шеќерна репа<br>— Пилести резалки за режење мостри од шеќерна репа<br>— Машини за екстракција и филтрација на репина каша од мостри на шеќерна репа<br>— Уреди за претпирање репа<br>— Континуелни дифузери за екстракција на шеќерот од репини режанки |
| 84.33/1 | Машини за преработка на хартија или картон<br>Ex.<br>Машини за изработка на кутии за пакување шеќер во коцки |
| 84.45/4 | Машини за глодање<br>Ex.<br>Специјални глодалки за острење ножеви од машини за режење шеќерна репа |
| 84.45/9а | Брусилки за рамно брусење<br>Ex.<br>Уреди за рамнење ножеви од машините за режење шеќерна репа |
| 84.45/15 и 12в | Преси и машини за рамнење<br>Ex.<br>Преси и машини за исправање ножеви од машини за режење шеќерна репа |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за класирање на шеќерот во кристал со вибрациона постапка<br>— Контејнери (силоси) со вградени механички уреди за пелетирање режанки од шеќерна репа<br>— Контејнери (силоси) со вградени механички уреди за шеќер во ринфуза |
| 90.24/1 и 2 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на проток, длабочина, притисок и сл.<br>Ex<br>— Уреди за контрола на протокот на шеќерниот сок<br>— Уреди за регулирање на густината на шеќерниот сок<br>— Уреди за регулирање на вискозитетот на шеќеровина и сируп |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи<br>Ex.<br>Апарати за определување на јачината на шеќерниот раствор — сахариметри |
| 90.28/1, 3, 4 и 5 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска регулација<br>Ex.<br>— Апарати за утврдување на содржината на шеќер во мострите од шеќерна репа — полариметри<br>— Уреди и апарати пропишани за мерење на компонентите по основот на вклопување на индустрискиот објект во еколошката средина |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во производство на шеќер („Службен лист на СФРЈ", бр 45/73, 28/75, 61/75 и 33/78).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 декември 1978 година

Е. п. бр. 894
9 ноември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

## 987.

Врз основа на член 49 став 2 на Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЈАСТИВИ МАСЛА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на јастиви масла, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика меѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", број 27/78) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.01/1 | Котли за производство на водена и друга пара<br>Ex.<br>Котли за загревање на термално масло, водена пара и други флуиди<br>Забелешка: Пониската царинска стапка ќе се примени само ако тие котли се увезуваат заедно (истовремено) со уредите за дезодорација од тарифниот број 84.17/2г-2 на ова решение |
